

# Анализа

## Македонија во дигиталната ера - меѓу правата и одговорностите при комуницирањето на интернет

МАКЕДОНСКИ ИНСТИТУТ ЗА МЕДИУМИ

*Оваа анализа е објавена во рамките на проектот „Македонија во дигиталната ера – меѓу правата и одговорностите при комуницирањето на интернет“*

МАКЕДОНСКИ ИНСТИТУТ ЗА МЕДИУМИ

СКОПЈЕ

ДЕКЕМВРИ 2015

# АНАЛИЗА: Македонија во дигиталната ера - меѓу правата и одговорностите при комуницирањето на интернет

МАКЕДОНСКИ ИНСТИТУТ ЗА МЕДИУМИ

Издавач: Македонски институт за медиуми (МИМ)
Јуриј Гагарин 17-1/1, 1000 Скопје
Република Македонија

| | |
|---|---|
| За издавачот: | Билјана Петковска, директор |
| Раководител на истражувањето: | Петрит Сарачини |
| Истражувачки тим: | Петрит Сарачини |
| | Филип Медарски |
| | Лазар Сандев |
| | Јане Стефанов |
| | Славчо Миленковски |
| Лектура: | Ружица Пејовиќ |
| Дизајн: | Јане Стефанов |

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје
047.738.5:316.772]:340.13(497.7)
МАКЕДОНИЈА во дигиталната ера - меѓу правата и одговорностите при комуницирањето на интернет : анализа / [раководител на истражувањето Петрит Сарачини]. - Скопје : Македонски институт за медиуми, 2015. - 44 стр. ; 21 см
Фусноти кон текстот. - Публикацијата е во рамките на проектот: "Македонија во дигиталната ера - меѓу правата и одговорностите при комуницирањето на интернет"
ISBN 978-9989-158-18-6
а) Интернет комуникација - Правна рамка - Македонија б) Интернет медиуми
COBISS.MK-ID 99963914

EMBASSY OF THE UNITED STATES OF AMERICA

Овој проект е делумно поддржан од Амбасадата на САД. Мислењата, откритијата, и заклучоците, или препораките изнесени овде се на имплементаторот(ите)/авторот(ите), и не ги одразуваат оние на Владата на САД.

# АНАЛИЗА:
## Македонија во дигиталната ера - меѓу правата и одговорностите при комуницирањето на интернет

**СОДРЖИНА**


**ВОВЕД** 5

**1. ПРЕДМЕТ И СОДРЖИНА НА СТУДИЈАТА, МЕТОДОЛОШКИ ПРИСТАП** 7

**1.1. ПРЕДМЕТ И СОДРЖИНА НА СТУДИЈАТА** 7

**1.2. МЕТОДОЛОГИЈА НА СОБИРАЊЕ НА ПОДАТОЦИТЕ** 8

**1.3. РЕЗИМЕ НА СТУДИЈАТА** 9

**2. ОПШТ ПРИКАЗ НА СОСТОЈБИТЕ СО ИНТЕРНЕТ-МЕДИУМИТЕ И КОМУНИКАЦИИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА** 11

**2.1. ПРАВНИ ПРОПИСИ И ИНТЕРНЕТ-МЕДИУМИ ВО МАКЕДОНИЈА** 14

**2.2. ЛЕГИСЛАТИВА ШТО СЕ ОДНЕСУВА НА ОБЈАВУВАЊЕТО СОДРЖИНИ** 14

2.2.1. МЕЃУНАРОДНИТЕ КОНВЕНЦИИ И УСТАВОТ 14
2.2.2. КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК 15
2.2.3. ОДГОВОРНОСТ ЗА КЛЕВЕТА И НАВРЕДА ЗА ОБЈАВА НА ИНТЕРНЕТ-МЕДИУМ И СОЦИЈАЛНИ МРЕЖИ 18
2.2.4. ЗАШТИТАТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ И ИНТЕРНЕТ-МЕДИУМИТЕ 23
2.2.5. ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА 25
2.2.6. ИНТЕРНЕТ-МЕДИУМИТЕ И ЗАКОНОТ ЗА АВТОРСКО ДЕЛО И СРОДНИТЕ ПРАВА 26
2.2.7. СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР 28
2.2.8. ИНТЕРНЕТ-МЕДИУМИТЕ И ЗАКОНОТ ЗА МЕДИУМИ 30

**2.3. ДЕЛОВНИ И РАБОТНИ ОДНОСИ** 30

2.3.1. ОСНОВАЊЕ НА ИНТЕРНЕТ-МЕДИУМИ ОД СТРАНА НА ТРГОВСКИ ДРУШТВА 30
2.3.2. ИНТЕРНЕТ-МЕДИУМИ ОСНОВАНИ ОД СТРАНА НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ 32
2.3.3. РЕГИСТРАЦИЈА НА ДОМЕН 32
2.3.4. ЗАКОНОТ ЗА РАБОТНИТЕ ОДНОСИ И ИНТЕРНЕТ-МЕДИУМИТЕ 34
2.3.5. ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА АРХИВСКИОТ МАТЕРИЈАЛ 38

**2.4. САМОРЕГУЛАЦИЈА** 39

2.4.1. СОВЕТ НА ЧЕСТА НА ЗНМ 39
2.4.2. СОВЕТ ЗА ЕТИКА ВО МЕДИУМИТЕ НА МАКЕДОНИЈА – СЕММ 40
2.4.3. ДРУГИ ОБЛИЦИ НА ПРОФЕСИОНАЛНО ЗДРУЖУВАЊЕ НА ИНТЕРНЕТ-МЕДИУМИТЕ 41

**3. ПЕРЦЕПЦИИ НА ИНТЕРНЕТ-ПУБЛИКАТА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЛЕГИСЛАТИВАТА И САМОРЕГУЛАЦИЈАТА НА ИНТЕРНЕТ (АНКЕТА)** 42

**4. ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ** 44

# ВОВЕД

## ЗА СТУДИЈАТА И ПРОЕКТОТ

Македонскиот институт за медиуми (МИМ) ја подготви оваа студија во рамките на проектот „Македонија во дигиталната ера – меѓу правата и одговорностите при комуницирањето на интернет“, делумно финансиран од Американската амбасада во Скопје. Главната цел на овој проект е да се поддржи поодговорен и подемократски дискурс во јавното комуницирање онлајн во Македонија.

Како дел од активностите што се спроведуваат во рамките на проектот, изработката на студијата има цел да придонесе кон отворање суштинска јавна дебата за институционалната и правната рамка во која функционираат онлајн-медиумите, но и електронското комуницирање на граѓаните воопшто.

Во таа смисла, од особено значење е да се идентификуваат главните делови од легислативата на Република Македонија што ја создаваат правната рамка за функционирањето на масовното комуницирање преку интернет, но и тенденциите, предизвиците и нарушувањата што се однесуваат на спроведувањето на законските прописи во сферата на онлајн-комуницирањето и интернет-медиумите. Студијата воедно дава приказ на дел од активностите преземени од страна на општествените актери - институциите, медиумите или други органи/организации за решавање на состојбите, нивната ефикасност и нивниот баланс во однос на слободата на изразување и другите фундаментални човекови права.

Оваа студија се базира на претходна истражувачка работа и мониторинг на медиумските содржини направени од овој аспект од страна на разни медиумски и граѓански организации и експерти, вклучувајќи анализи, истражувања и мониторинг на медиумските содржини вршени од страна на МИМ, Високата школа за новинарство и односи со јавноста, професионалните медиумски здруженија и организации, како и други релевантни општествени и професионални актери што работат во оваа област. Таа исто така ги вклучува сите најнови релевантни податоци во однос на постојното законодавство и судска практика, како и во однос на работата и активностите на државните институции што се однесуваат на електронското комуницирање.

# 1. ПРЕДМЕТ И СОДРЖИНА НА СТУДИЈАТА, МЕТОДОЛОШКИ ПРИСТАП

## 1.1. ПРЕДМЕТ И СОДРЖИНА НА СТУДИЈАТА

Анализата е подготвена во согласност со методологија што дава насоки за структурата на анализирањето на состојбите со спроведувањето на законите во сферата на онлајн-комуницирањето, преку следните сегменти:

### Општ приказ на состојбата во однос на почитувањето на легислативата во сферата на онлајн-медиумите и комуникациите во Македонија

Во почетокот студијата дава краток контекст поврзан со медиумскиот амбиент и улогата на онлајн-медиумите и социјалните мрежи во јавната дебата, почнувајќи од пристапот до новите технологии и интернет, начинот на користење на новите vis-a-vis традиционални медиуми и технологии, распространетоста на користењето на услугите на интернет и појавата на нови медиуми, како и нивото на медиумската писменост на населението и на новинарите; студијата во овој дел дава и општ приказ на состојбите со почитувањето на легислативата при комуницирањето и објавувањето содржини на интернет. При тоа, студијата се фокусира на оној дел од легислативата на земјата што воопшто го овозможува правното функционирање на субјектите во интернет-комуникацијата и е суштински поврзан - и со нивното деловно дејствување, и со содржината што ја пласираат.

Како важни закони што секојдневно влијаат на содржината и деловното работење и функционирање на интернет-медиумите и комуникацијата, студијата се осврнува на Уставот, ЕХЧП, Кривичниот законик, Законот за граѓанска одговорност за клевета и навреда, Законот за заштита на лични податоци, Законот за спречување и заштита од дискриминација, Законот за авторски права, Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, а се осврнува и на Законот за медиуми и АВМУ и неговото исклучување на интернет-медиумите, како и на Законот за работни односи и законите поврзани со исплата на хонорарите, Законот за трговски друштва, Законот за граѓански здруженија и фондации, на регистрацијата на домен МАРнет и на Законот за архивирање. Во студијата се наведени важни делови од овие закони што се однесуваат на базичното функционирање на интернет-медиумите во секојдневието.

### Правна рамка и опфат на законските прописи што допираат во сферата на онлајн-медиумите

Целта на оваа студија е да се истражат, да се систематизираат и да се сублимираат поважните законски прописи или делови од нив што ја создаваат правната рамка во сферата на онлајн-медиумите и онлајн-комуникацијата. Како најзначајни и најрелевантни и како предмет на интересирање на оваа студија ги издвојуваме следниве општи правни акти:

- Правните акти поврзани со содржината - оние што ја гарантираат слободата на изразување и ги содржат ограничувањата за објавување содржини што може да ги нарушат правата на другите
- Законите поврзани со деловно-правното функционирање на субјектите во интернет-комуникацијата, од можност за основање субјект, па сè до регулирање на работните односи и функционирање на пазарот на информации
- Законските механизми и процедури, судската практика, казнивоста и одговорноста

Студијата ги предочува начините на кои функционира легислативата и механизмите што може да се употребат за остварување и заштита на правата на граѓаните и субјектите што учествуваат во онлајн-комуникациите. Преку посочување конкретни случаи, но почитувајќи ги пресумцијата на невиност и приватноста, без коментирање пресуди или случаи што се во тек, студијата се осврнува и на судската практика и практиката на другите државни органи поврзани со спроведувањето на сите овие закони, нотирајќи ги низ конкретни примери правните и административните процедури што биле употребени во тие случаи.

За анализата не е најрелевантно во чија полза пресудил судот или државниот орган, и за јавноста и за засегнатите актери е доволно

да знаат дека доколку почнало да се води судска или друга постапка по одреден закон во кој е инволвиран некој вебсајт или објава на социјалните мрежи, дека тој закон важи и за онлајн-сферата и ги опфаќа и медиумите и граѓаните што го користат интернетот како платформа за пласирање информации до пошироката публика.

Исто така, мошне е важно сите актери што произведуваат и пласираат содржини на интернет да знаат што може да очекуваат доколку ги прекршат законските одредби на легислативата што е релевантна и за интернетот. Како дел од анализата се опфаќаат и правните последици и казните поврзани со непочитување на релевантните законски прописи.

### Искуства и перцепции на засегнатите страни и публиката

Освен приказот на легислативата и начините на нејзино функционирање низ конкретни примери, студијата се осврнува и на истражувањата, сознанијата, перцепциите и искуствата на засегнатите актери (сопственици, уредници и новинари во онлајн-медиуми, професионални здруженија и дел од интернет-публиката), добиени преку квалитативни полуструктурирани интервјуа и онлајн-анкета.

### Саморегулација и професионални стандарди

Студијата документира и дел од практиката на нашите саморегулациски етички тела во случаи кога предмет на нивно разгледување биле онлајн-медиумите, но и други форми на саморегулација (преку активности на постојни граѓански движења и организации, неформални групи, форуми, социјални мрежи), како и добрите практики и стандардите што треба да ги почитуваат сите медиуми без оглед на платформата на пренос на информации што ја користат.

### Препораки

Целта на студијата, исто така, е да се направи идентификација на „тесните грла“, особено во однос на спроведувањето на легислативата што ги гарантира човековите права и медиумските слободи подеднакво за сите учесници во интернет-комуницирањето. Анализата содржи и препораки за начините на подобрување на состојбите во одделни области каде што се воочуваат нарушувања и заостанувања.

## 1.2. МЕТОДОЛОГИЈА НА СОБИРАЊЕ НА ПОДАТОЦИТЕ

При изработката на студијата се користени следниве методолошки пристапи:

### Собирање статистички и други секундарни податоци

При изработката на студијата земени се предвид клучните правни акти што ги регулираат односите во оваа сфера, вклучувајќи ги Уставот, повеќе закони и подзаконски акти, судската практика и процедурите за остварување на правата на субјектите што ја користат интернет-комуникацијата како средство за изразување или деловна активност, како и механизмите за саморегулација.

Како извори на релевантни податоци, примери и случаи во контекст на оваа студија се користени податоци од државни институции, вклучувајќи ги јавно достапните податоци од Државниот завод за статистика, Службен весник, Централен регистар, судски билтени, меѓународната регулатива (конвенции, резолуции итн.), судската практика на Судот за човекови права во Стразбур, актите и практиката на Комисијата за слободен пристап до информациите од јавен карактер, актите и практиката на Комисијата за заштита на лични податоци, актите и практиката на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, како и веб-страници на други институции, професионални медиумски организации, граѓански организации и медиуми.

### Интервјуа со засегнати актери и целни групи

Со цел да се дојде до посуштински сознанија за состојбите, потребите и предизвиците со кои се соочуваат онлајн-медиумите и јавната комуникација на интернет во сегашното правно и општествено опкружување, се спроведе теренско истражување и разговори со 20 истакнати претставници на клучните целни групи, вклучувајќи: сопственици на онлајн-медиуми; уредници на онлајн-медиуми; новинари; претставници на професионални медиумски

организации (вкл. саморегулациски тела); адвокати што застапуваат онлајн-медиуми во судски процеси; претставници на државни институции *(види анекс 1, прашалник за интервју и анкета).*

**Перцепции на јавноста за правната рамка и за нејзината функционалност во онлајн-сферата (онлајн-анкета за публика)**

Во однос на информираноста и перцепциите на јавноста (публиката) за правната рамка и механизмите за заштита на правата во сферата на интернетот, во рамките на студијата беше спроведена и онлајн-анкета преку директна електронска комуникација и објава на социјалните мрежи, на која одговорија 135 испитаници и која се фокусира на искуствата и перцепциите на анкетираните во однос на горенаведените области што се предмет на анализата (правна рамка, механизми за заштита на правата, судство и практика, казнени одредби, саморегулација). Наодите од оваа анкета исто така се предмет на анализа на оваа студија *(анекс 2, анкета).*

## 1.3. РЕЗИМЕ НА СТУДИЈАТА

По усвојувањето на новите закони за медиуми што не се однесуваат на интернет, постои општа јавна заблуда, за жал, често правена од страна на дел од медиумите, институциите и јавните актери, дека интернет-медиумите и комуникација се „исклучени од сите закони и одговорност", што, едноставно, не е точно. Напротив, многу општи закони во државата се однесуваат на комуникацијата преку интернет во многу аспекти - човековите права, слободата на изразување, криминалот, комерцијалното однесување – купување и продавање добра и услуги, авторски права, приватност итн.

Постои нов Закон за клевета и навреда, кој во судниците покажува дека за клеветење и навреда на интернет или социјалните мрежи се одговара; Кривичниот законик има одредби за кривични дела од омраза по пат на компјутерски систем, а од неодамна и за надзор на дигиталната комуникација во случаи на организиран криминал; земјата исто така го има Законот за заштита на личните податоци, кој исто така покажува функционалност во практиката; државата пред повеќе од една деценија ја ратификуваше Конвенцијата за компјутерски криминал[1] и покажува резултати во борбата со него; во Македонија постојат закони за работни односи, за облигациони односи, договорно право, процесно право итн, кои, како и во другите економски и општествени сфери, ги регулираат односите помеѓу субјектите на пазарот на информации. И сите овие делови на правната рамка, кои се општоважечки за сите граѓани, важат и во онлајн-сферата.

Интернетот во Македонија и облиците на онлајн-комуницирање се развиваат со мошне забрзано темпо, а секојдневно се менуваат и начините на кои содржините допираат до публиката. Клучни фактори за овој енормен напредок се лесната достапност и евтината технологија, но и добрата инфраструктура за интернет-комуникација. Користењето на социјалните мрежи е енормно - постојат над 1.000.000 профили на Фејсбук (1.004.680 луѓе според Фејсбук), но најверојатно, ако се тргнат лажните, двојните и комерцијалните профили, има некаде околу половина милион поединечни корисници. 69,4% од домаќинствата имале пристап до интернет од дома. Широкопојасен пристап до интернет (преку фиксна или мобилна конекција) имале 93,5% од деловните субјекти со десет или повеќе вработени. Половина од деловните субјекти користеле социјални медиуми и имале веб-страница. Во текот на 2014 година 7,7% од деловните субјекти со 10 или повеќе вработени имале е-трговија, односно купувале или продавале стоки или услуги преку компјутерски мрежи[2].

Според податоците на МАРнет, кој е овластена установа за регистрација на домени во земјава, во Македонија се регистрирани 23.937 домени (7.965 .com.mk; 13.615 .mk; 614 .мкд, 821 .org.mk; 167 .net.mk; 15 .inf.mk; 340 .gov.mk; 259 .edu.mk домени).[3]

Како функционираат во овој контекст нашите интернет-субјекти, особено интернет-медиумите? Покрај интернет-изданијата на традиционалните медиуми (националните, регионалните и локалните ТВ- и радиостаници, весниците и

1 http://www.pravo.org.mk/documentDetail.php?id=5616

2 Користење на информатичко - комуникациски технологии во деловните субјекти, Државен завод за статистика, 20 октомври 2015, http://www.stat.gov.mk/PrikaziSoopstenie.aspx?rbrtxt=76

3 МАРнет, статистика на домени http://marnet.mk/domeni/operacii-so-domeni/statistika/

магазините), кои сè уште се приспособуваат на дигиталната ера, во која тие повеќе не се ексклузивните чувари на информацијата, постои растечка и динамична сцена на медиуми што се присутни единствено на интернет.

Од друга страна, развојот на технологијата и маркетиншкиот потенцијал не се одразија соодветно и во експанзија на редакциските структури. Повеќето од медиумите што постојат единствено на веб (веб-домородни медиуми, или веб-нативни медиуми) и кои произведуваат сериозни информативни содржини имаат мали редакции, вработуваат мали екипи, од неколку луѓе, и даваат скромни плати, претежно 100-200 евра месечно. Редакциите со соодветна кадровска екипираност се вистинска реткост. Како последица, содржината честопати е на многу ниско професионално ниво. Голем број веб-страници сè уште немаат кориснички правила или политики за приватност. Честопати отсуствуваат информациите за сопственик(ци) на страницата, за уредник или за тоа кој го напишал текстот.

Интернет-медиумите стануваат мејнстрим-извор на информации, втори според консумирањето и влијанието (веднаш зад ТВ), но за повеќето од новинарите, експертите, образованата и повозрасната публика, голем дел од нив се неверодостојни и ѝ нудат на публиката голем број информации што се далеку од етиката и правилниот јавен дискурс, а се поблиску до пропагандата и говорот на омраза. Прекршувањата најмногу доминираат на социјалните мрежи, но, исто така, често се присутни во содржините генерирани од корисниците/публиката, и до одреден степен, исто така, во содржините произведени од страна на не толку голем колку гласен број медиуми и новинари.

Во однос на спроведувањето на легислативата, се забележуваат делови што функционираат добро, делови од легислативата функционираат, но имаат недостатоци, а кај дел од легислативата се воочуваат сериозни проблеми со неспроведувањето, кои продуцираат култура на неказнивост и сериозни прекршувања, како и обесхрабрување на граѓаните и субјектите за користење на законските механизми, со што законите се претвораат во „мртво слово на хартија". Друг генерален впечаток е дека кај нас постои тенденција на прекумерна регулација (over-regulation), или ставање на сè и сешто во законите, кои потоа стануваат прекабести, предетални и речиси неспроведливи.

Студијата забележува дека законите што се однесуваат на основање субјект, регистрација на домен и поголем дел од законите што се однесуваат на деловното и финансиското работење на субјектите на интернет функционираат добро и таму всушност има најмалку забелешки од страна на засегнатите страни. Ова пред сè се однесува на Законот на основање трговски друштва и на Законот за здруженија на граѓани и фондации, како и на можноста за регистрирање домен. Од друга страна, сериозни недостатоци се детектираат во спроведувањето на Законот за работни односи, при што медиумските работници на интернет (освен оние во ИТ-секторот) се сметаат за една од најзагрозените категории на прекарни работници.

За дел од легислативата постојат амбивалентни искуства – се гледа дека законот во одреден број случаи функционира добро, дека механизмите за негово спроведување се воспоставени, но одвреме - навреме се јавуваат аномалии. Таков е случајот со заштитата на личните податоци, која функционира добро, но знае и да затаи. Главните забелешки на засегнатите страни доаѓаат во врска со неспроведувањето, неказнивоста или селективното спроведување на Кривичниот законик, Законот за клевета и навреда, никаква практика во спроведување на Законот за заштита од дискриминација на интернет, секојдневните и очигледни прекршувања на Законот за авторски права. Иако и за нив постојат примери за спроведување на легислативата, сепак, далеку повеќебројни се примерите кога за прекршувањата на правилата нема институционален одговор.

## 2. ОПШТ ПРИКАЗ НА СОСТОЈБИТЕ СО ИНТЕРНЕТ-МЕДИУМИТЕ И КОМУНИКАЦИИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА

Интернетот и медиумската онлајн-средина во Македонија се развиваат со галопирачко темпо. Секојдневно сме сведоци на нови сајтови и нови услуги што се нудат онлајн, но и на нови начини на кои содржините допираат до корисниците, т.е. публиката. Пазарот на содржини и услуги стана уште пораздвижен во изминатите 4-5 години.

Клучни фактори во тоа се лесната достапност и евтината технологија, како и добрата инфраструктура за интернет-комуникација. Според податоците на Државниот завод за статистика за користењето информатичко-комуникациски технологии во домаќинствата и кај поединци, објавени на 30 октомври 2015, 69,4% од домаќинствата имале пристап на интернет од дома, а учеството на домаќинствата со широкопојасен интернет во вкупниот број домаќинства достигнал 69,0% во 2015 година. Речиси сите (99,5%) од домаќинствата со интернет-пристап, имале широкопојасно (фиксно или мобилно) поврзување на интернет.

Од вкупното население на возраст од 15 до 74 години, компјутер користеле 69,2%, а интернет користеле 70,4%. Интернет најмногу користеле учениците и студентите, односно 94,7%. 71,2% од корисниците на интернет во првото тримесечје од 2015 година употребиле мобилен телефон или паметен телефон за пристап до интернет надвор од дома или од работа. Според податоците на Заводот, 15,4% од лицата што некогаш употребиле интернет, нарачале/купиле стоки или услуги преку интернет во последните 12 месеци. Од лицата што не купувале преку интернет во последните 12 месеци, 28% не купувале поради загриженост за безбедноста при плаќањето, или приватноста (пр., давање податоци од кредитна картичка или лични податоци на интернет[4]).

Користењето на социјалните мрежи исто така експлодираше - постојат над 1.000.000 профили на Фејсбук (1.004.680 луѓе според Фејсбук), но најверојатно има некаде околу половина милион поединечни корисници[5].

Во однос на користењето на информатичко-комуникациски технологии во деловните субјекти, Заводот за статистика во октомври 2015 објави дека широкопојасен пристап до интернет (преку фиксна или мобилна конекција) имале 93,5% од деловните субјекти со десет или повеќе вработени. Пристап до интернет преку пренослив уред, употребувајќи мобилна телефонска мрежа (3Г/4Г) имале 59,1% од деловните субјекти. Половината (49,8%) од деловните субјекти користеле социјални медиуми (пр., Фејсбук, Линкдин, Твитер, Пресентли, Јутјуб, Фликр, Пикаса, Вики-алатки итн.), односно имале кориснички профил, сметка или лиценца за користење одреден социјален медиум. Околу 52% од деловните субјекти имале веб-страница или почетна страница, од нив 79% на веб-страницата имале обезбедено опис на производите/услугите, ценовници, 40,2% имале наведено линкови/референци до нивните профили на социјалните медиуми, а 16,4% обезбедиле онлајн-нарачување, резервирање. Во текот на 2014 година 7,7% од деловните субјекти со 10 или повеќе вработени имале е-трговија, односно купувале или продавале стоки или услуги преку компјутерски мрежи[6].

Според податоците на МАРнет, кој е овластена установа за регистрација на домени во земјава, во Македонија се регистрирани 23.937 домени (7.965 .com.mk; 13.615 .mk; 614 .мкд, 821 .org.mk; 167 .net.mk; 15 .inf.mk; 340 .gov.mk; 259 .edu.mk домени)[7].

Освен интернет-изданијата на традиционалните медиуми, постои растечка и динамична сцена на медиуми што се родени и присутни единствено на интернет (web-native media). Со гледање на статистиката на различни агрегатори на вести, повеќе од 200-300 од нив се во можност да стигнат до дневна публика од над 10.000

4 Користење на информатичко - комуникациски технологии во домаќинствата и кај поединци, Државен завод за статистика, 30 октомври 2015 http://www.stat.gov.mk/PrikaziSoopstenie.aspx?rbrtxt=77

5 Group of authors, "Hate speech in online media in South East Europe", Albanian Media Institute 2014, pg 101, http://www.institutemedia.org/Documents/PDF/Hate%20speech%20in%20online%20media%20in%20SEE.pdf

6 Користење на информатичко - комуникациски технологии во деловните субјекти, Државен завод за статистика, 20 октомври 2015, http://www.stat.gov.mk/PrikaziSoopstenie.aspx?rbrtxt=76

7 МАРнет, статистика на домени http://marnet.mk/domeni/operacii-so-domeni/statistika/

читатели, но повеќето од нив се занимаваат со забава, и само можеби една десеттина од нив посериозно и поструктурирано се занимаваат со самостојно произведување содржини поврзани со политички, економски, образовни и други проблеми од јавен интерес, што не е исклучок од светскиот тренд на „таблоидизирање“ на медиумите.

Интернет-медиумите стануваат мејнстрим-извор на информации, но за повеќето од новинарите, експертите, образованата и повозрасна публика, тие се неверодостојни и ѝ нудат на публиката голем број информации што се далеку од етиката и правилниот јавен дискурс, а се поблиску до пропагандата и говорот на омраза. Политичките, етничките и верските поделби се реплицираат и во онлајн-сферата - најмногу доминирајќи на социјалните мрежи, но, исто така, често се присутни во содржините генерирани од корисниците/публиката (User Generated Content - UGC), и до одреден степен, исто така, во содржините произведени од страна на новинарите.

Повеќето од медиумите што постојат единствено на веб (веб-домородни медиуми, или веб-нативни медиуми) и кои произведуваат сериозни информативни содржини имаат мали редакции, вработуваат мали екипи, од неколку луѓе, и даваат скромни плати, претежно 100-200 евра месечно. Редакциите со соодветна кадровска екипираност се вистинска реткост. Како последица, содржината честопати е на многу ниско професионално ниво. Голем број веб-страници сè уште немаат кориснички правила или политики за приватност. Честопати отсуствуваат информациите за сопственик(ци) на страницата, за уредник, или за тоа кој го напишал текстот.

Една од повпечатливите појави е повторувањето на речиси идентична содржина (содржината на вести или мислења на истакнати јавни личности) на неколку онлајн-медиуми истовремено, што укажува на тоа дека понекогаш постои неформална (политички и/или деловно мотивирана) соработка помеѓу групи на веб-страници, и дека содржината што овие „групи“ на веб-сајтови ја објавуваат е контролирана од одредени центри на политичка и економска моќ.

Освен тоа, медиумите имаат многу повторувачки вести од новински агенции или други содржини што не се создадени од редакцијата (како соопштенија, реакции итн. од немедиумски создавачи на содржина) и многу тривијална содржина, која во повеќето случаи е нелегално преведена или „собрана“ од некој друг (обично странски, но и домашни медиуми), што е само искористување на фактот дека Законот за правата на авторите е слабо имплементиран. Истражувачкото или граѓанското новинарство, кои може да се развијат во рамките на интернет-медиумите, се речиси отсутни, и тие во последно време се финансираат главно преку проекти и конкурси на граѓанските организации.

Интернет-медиумите ги користат уникатните придобивки на интернетот, како што се интерактивноста и мултимедијалноста, кои се сведени на базично, а не на креативно ниво на користење. Примерите на хиперлокален пристап кај интернет-изданијата се ретки и со краток здив. Често не постојат РСС-врски со содржината (РСС-фидови), хипервrски (хиперлинкови), а таговите, т.е. означувањето и референцирањето друга содржина преку клучните зборови, се користат и ретко, и несоодветно.

Иако во изминатите години повеќето од популарните веб-страници се присутни на виралните медиуми и имаат свои профили и страници на социјалните мрежи, очигледен е недостигот од стратегија за нивно користење, при што презентацијата на социјалните мрежи главно се сведува на копирање линкови од веб-сајтот на профилот. Редакциите сè уште претежно се поделени според платформи и не се интегрирани.

Услугите понудени од страна на веб-медиумите сè уште се трудат да излезат од рудиментарната фаза на придружен маркетинг. Рекламирањето на интернет сепак се развива, иако во споредба со потенцијалот и публиката, се чини дека парите во интернет-медиумите и рекламирањето влегуваат неструктурирано и бавно, што е последица на тешката економска состојба, инструментализираниот и нарушен пазар, но и на недостатоците и неразвиеноста на маркетинг-структурите и одделите во самите интернет-медиуми.

### Медиумска писменост меѓу популацијата и новинарите

Во однос на медиумската писменост на општата популација, МИМ е една од ретките организации што работат во оваа област. Во 2009 година, институтот иницираше и спроведе тригодишен проект за воведување на медиумската писменост во образованието. Во рамките на овој проект, кој се реализираше во соработка со Министерството за образование и Бирото за развој на образованието, беа одржани околу 60 обуки на 1.200 професори и наставници од сите основни и средни училишта во Македонија, експертите од МИМ и Високата школа за новинарство и односи со јавноста произведоа Прирачник за медиумска писменост за наставници, веб-страници и мноштво електронски материјали посветени на оваа тема, а беа одржани и две конференции, кои ги собраа засегнатите страни – медиумите, наставниците, образовните институции и експертите за медиумска писменост.

МИМ продолжува да работи во оваа област, вршејќи обуки на училишниот кадар и на учениците за практично производство на содржина и инкорпорирање елементи на медиумската писменост во контекст на меѓуетничката интеграција во образовниот процес, во рамките на ПМИО - петгодишниот Проект на УСАИД за меѓуетничка интеграција во образованието, кој започна во 2011 година, чија цел е да ја подобри и да ја промовира меѓуетничката интеграција во образовниот систем во земјата.

Исто така, постојат и неколку други организации што индиректно работат со медиумската писменост - со потесен фокус или со специфични целни публики. На пример, Младинскиот образовен форум организира обуки и различни едукативни активности за да се развие критичко размислување кај младите луѓе, дебатирање и мултимедијални вештини, и има специфичен интерес за подигање на свеста, особено за говорот на омраза на интернет. Фондацијата Метаморфозис многу години работи особено во областа на дигиталната и интернет-писменоста, како и за заштита на приватноста.

По првичната ангажираност на Министерството за образование и наука пред неколку години, од неодамна медиумската писменост е на агендата на Агенцијата за медиуми и аудиовизуелни медиумски услуги, која одржа неколку обуки и собири посветени на оваа тема и отвори јавна дебата за усвојување национална програма за медиумската писменост, која како дел од своите активности предвидува и подигање на свесноста и информираноста на граѓаните за оваа тема преку онлајн-алатки[8]. Сепак, очигледно е дека медиумската писменост е запоставена тема од страна на институциите, јавноста и креаторите на јавното мислење и дека ангажманите во оваа насока се повремени и недоволни.

Постојаната деградација на квалитетот на јавниот дискурс, при што многу истакнати јавни личности (дури и претставници на институциите) користат несоодветен јазик во јавноста без никаква последица за тоа, деградацијата на образовниот систем, и други општествени фактори, произведуваат јавност што не е во можност пристојно да дебатира за речиси ниедно прашање од јавен интерес. Поголем дел од публиката станува плен на овој пропагандистички дискурс и не е во можност да им се спротивстави на суптилните форми на манипулација и да биде способна критички да ги набљудува медиумските содржини. Ова резултира со зајакнување на стереотипите и експлозија на говорот на омраза, што е особено видливо на социјалните мрежи или на страниците каде што содржината е создадена од корисниците (крауд-сорсинг страници)[9].

8 http://avmu.mk/images/Nacrt-_programa_za_mediumska_pismenost.pdf

9 Hate Speech In Online Media In South East Europe, AMI 2013, http://www.institutemedia.org/Documents/PDF/Hate%20speech%20in%20online%20media%20in%20SEE.pdf

## 2.1. ПРАВНИ ПРОПИСИ И ИНТЕРНЕТ-МЕДИУМИ ВО МАКЕДОНИЈА

Правните прописи во однос на интернет-медиумите во Македонија се опфатени со повеќе материјални закони, врз основа на кои интернет-медиумите ја остваруваат својата дејност.

Во рамките на оваа студија ќе бидат презентирани правните прописи што се клучни за функционирањето на интернет-медиумите. Постоењето и функционалноста на правната легислатива ќе се разгледуваат од неколку аспекти: од аспект на содржината и слободата на изразување наспроти ограничувањата; но и во поглед на слободата на основање интернет-медиум, начините на негово функционирање и управување, правата и обврските што произлегуваат од актуелната правна рамка и од аспект на деловните и работните односи и пазарното опкружување.

Идејата на оваа студија не е да ги анализира сите закони во кои се спомнува „интернет" или „електронска комуникација", бидејќи така ќе треба да анализираме стотици парчиња легислатива, за да дојдеме до истиот заклучок – правилата *офлајн,* или во реалниот живот, важат и *онлајн*, т.е во виртуелниот свет. Тоа важи и за пласирањето содржини, и во однос на деловните односи на субјектите што го користат интернетот за бизнис – со сите права и облигации што произлегуваат од односите со корисниците и државата.

## 2.2. ЛЕГИСЛАТИВА ШТО СЕ ОДНЕСУВА НА ОБЈАВУВАЊЕТО СОДРЖИНИ

Како што заклучуваат извештаите на Европската комисија во однос на медиумите во изминатите неколку години, законските норми и ограничувањата на слободата на изразување главно не ја попречуваат јавната дебата, а причините за забележаните нарушувања на слободата на медиумите главно се од политичка природа. Слични заклучоци од меѓународните институции и професионални организации се однесуваат и на спроведувањето на законодавството во земјата.

Таква процена може да се даде, исто така, и во контекст на правната рамка и онлајн-комуницирањето и интернет-медиумите. Постојат добри законски одредби, но постои недостиг од волја (претежно политичка, но, исто така, меѓу другите засегнати страни, судовите на пример) за спроведување на законите веднаш и на неселективен начин.

Како што вели една долгогодишна новинарка и активист на професионални медиумски организации, која моментално работи во онлајн-медиум, кај нас практиката не го следи законското ниво. Според неа, не постои совршен закон, не постои закон што ќе спречи девијација ако некој намислил да прави нешто противзаконско. Според неа, а и според повеќето интервјуирани новинари, сопственици и уредници, ние имаме пререгулирање. А секаде каде што има пререгулирање, како што вели оваа новинарка, смрди на корупција. Според неа, ние имаме фасадни институции, а во политичките говори слушаме некакви реферирања на такви институции, кои де факто служат само како аргумент или оправдување. Зад нив, според оваа новинарка, се крие ништо, или клиентелизам. И селективна примена на законите.

### 2.2.1. МЕЃУНАРОДНИТЕ КОНВЕНЦИИ И УСТАВОТ

Македонија е потписник на Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи, со што овој документ е директно применлив во земјава. Имено, во согласност со членот 118 од Уставот, меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот се дел од внатрешниот правен поредок и не може да се менуваат со закон. Оттука, во Македонија, членот 10 од Европската конвенција, како и другите меѓународни стандарди ратификувани од страна македонскиот парламент, се директно применливи. Ова фундаментално право и можните ограничувања се пропишани со Уставот, како и со други закони, кои директно или индиректно регулираат одредени области.

Слободата на печатот и изразувањето е гарантирана, а цензурата е експлицитно забранета (член 16), но исто така, во согласност со Уставот, слободите и правата на човекот може да бидат ограничени за време на воена или вонредна состојба, и ограничувањето на слободите и правата не може да биде дискриминаторско врз основа на полот, расата, бојата на кожата, јазикот, верата, националното или социјалното потекло, имотната или општествената положба (член 54).

### 2.2.2. КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК

Во контекст на Кривичниот законик (КЗ), овој важен дел од легислативата на Македонија го опфаќа делот на јавното комуницирање на јавни платформи на интернет што содржи говор или поттикнување на насилство и омраза. 'Мејнстрим' медиумите на интернет најчесто се воздржуваат од отворен говор на омраза. Говорот на омраза поретко е експлицитен, но честопати се појавува во скриена форма, во комбинација со информации од неидентификувани извори и информации што се нудат како факти, навреди, клевети и сл. Имплицитниот говор на омраза не е редовна практика, иако често се појавува на некои интернет-медиуми, а е особено видлив кај виралните медиуми/социјалните мрежи, форумите, како и кај другите содржини што ги создаваат корисниците (коментарите на текстовите на веб-страниците и на постовите на Фејсбук, на пример).

Поголем дел од јавноста, вклучувајќи и добар дел од образованата публика во земјава, не ги знае вистинското значење и дефиниција на говорот на омразата и честопати го меша со други форми на нарушувања сторени преку средствата за јавна комуникација (на пример, најчесто со клеветата и навредата).

Кривичниот законик во неколку члена предвидува казна за дела поврзани со омразата - поттикнување насилна промена на уставниот поредок (член 318), говор на омраза (член 319, 417), како и казна против лице што со помош на информативниот систем јавно ќе негира, грубо ќе минимизира, ќе одобрува или ќе оправдува геноцид, злосторства против човечноста или воени злосторства (член 407-а).

Говорот на омраза во Кривичниот законик е експлицитно регулиран во членот 319, каде што е предвидено кривичното дело Предизвикување омраза, раздор или нетрпеливост врз национална, расна, верска или друга дискриминаторска основа на следниот начин: *Тој што со присилба, малтретирање, загрозување на сигурноста, излагање на подбив на националните, етничките, верските и други симболи, со палење, уништување или на друг начин оштетување на знаме на Република Македонија или знамиња на други држави, со оштетување туѓи предмети, со скврнавење споменици, гробови или на друг дискриминаторен начин, непосредно или посредно, ќе предизвика или ќе разгори омраза, раздор или нетрпеливост врз основа на пол, раса, боја на кожа, род, припадност на маргинализирана група, етничка припадност, јазик, државјанство, социјално потекло, религија или верско уверување, други видови уверувања, образование, политичка припадност, личен или општествен статус, ментална или телесна попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, или на која било друга основа предвидена со закон или со ратификуван меѓународен договор, ќе се казни со затвор од една до пет години.*

Во ставот 2 од цитираниот член е предвидено дека: *Тој којшто делото од ставот (1) на овој член го врши со злоупотреба на положбата или на овластувањето или ако поради тие дела дошло до безредие и насилства спрема луѓе или до имотна штета од големи размери, ќе се казни со затвор од една до десет години.*

Законот дополнително пропишува ограничувања против „лице кое изложува друго лице на исмејување по пат на информационен систем, заради неговото или нејзиното членство во група од различна раса, боја на кожа, националност или етничко потекло, или ќе се изложува на потсмев цела група на луѓето кои имаат такви карактеристики, ќе се казни со парична казна или затвор до една година“ (измени и дополнувања на КЗ од 2009 година, член 173).

Од цитираните одредби е воочливо дека говорот на омраза преку интернет-медиумите не е посебно инкриминиран, и покрај тоа што постојат определени аргументи тој да се предвиди како потежок, квалификуван облик на основното дело. Такви аргументи се податливоста на самиот медиум за ширење на говорот на омраза, брзото распространување на говорот на омраза преку интернетот, можноста за анонимни постови итн.

Кривично дело што содржи определени елементи на говорот на омраза е и Одобрување или оправдување на геноцид, злосторства против човечноста или воени злосторства од член 407 -а од Кривичниот законик: Тој што по пат на информационен систем јавно ги негира, грубо ги минимизира, ги одобрува и

ги оправдува делата од членот 403 до 407, ќе се казни со затвор од една до пет години. Ставот 2 од член 407 -а од Кривичниот законик гласи: Ако негирањето, минимизирањето, одобрувањето или оправдувањето е сторено со намера за поттикнување на омраза, дискриминација или насилство против некое лице или група на лица поради нивната национална, етничка или расна припадност или верска определба, сторителот ќе се казни со казна затвор најмалку четири години.

За говорот на омраза на интернет посебно е битно да се истакне кривичното дело од ставот 4 од член 144 од Кривичниот законик - Загрозување на сигурноста: *Тој што по пат на информатички систем ќе се закани дека ќе стори кривично дело за кое е пропишана казна затвор од пет години или потешка казна против некое лице поради нивната припадност на одреден пол, раса, боја на кожа, род, припадност на маргинализирана група, етничка припадност, јазик, државјанство, социјално потекло, религија или верско уверување, други видови уверувања, образование, политичка припадност, личен или општествен статус, ментална или телесна попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, или на која било друга основа предвидена со закон или со ратификуван меѓународен договор, ќе се казни со казна затвор од една до пет години.*

Кривичниот законик исто така пропишува парична казна за оние што изразуваат или шират нешто од личниот или семејниот живот на некое лице што е штетно за неговиот / нејзиниот углед (член 174 од КЗ).

Во однос на казнената политика, важно е да се спомене дека со измените на КЗ од 2009 година, во одредбите за одмерување на казната (општи правила за казната) се пропишува нова околност што судот треба да ја разгледа кога ја определува казната, член 39 став 5, кој вели дека при утврдувањето на тежината на делото и казната, судот особено ќе разгледа, без разлика дали кривичното дело е сторено против лице или група на лица или имот, директно или индиректно, дали тоа е сторено поради неговото или нивното национално и социјално потекло, политичкото и верското уверување, имотниот и социјалниот статус, полот, расата или бојата на кожата. Според истакнати правни експерти, целта на законодавецот е јасна: за прекршок, без оглед под која околност, таквата дискриминација треба да се прифати како отежнувачка околност при одмерувањето на казната. Тоа е околност што треба да резултира со казна што е поблиску до максималната казна пропишана за кривичното дело, отколку до минималната[10].

### Спроведување на Кривичниот законик во делот на говорот на омраза

Кога станува збор за правењето на последниот чекор, спроведувањето, се чини дека и тука на Македонија повторно ѝ недостига правилна, доследна и неселективна имплементација на легислативата.

Иако говорот на омраза се санкционира во Кривичниот законик, тој е многу присутен во медиумите и понекогаш има сериозни последици, а македонските судови сè уште немаат прогласено никого за виновен за таков чин. Пријавите за говор на омраза кон неколку интернет-страници и автори досега обвинителствата и полицијата главно ги игнорираат или ги отфрлаат.

Исто така, воочливо е дека органите што се надлежни по службена должност да постапуваат по однос на овој облик на кривични дела (Министерство за внатрешни работи, Јавното обвинителство) не презеле ниту една иницијатива за поднесување пријави за говор на омраза.

Освен тоа, значаен фактор што влијае на невоспоставувањето навика на почитување на овие законски одредби е и резигнираноста и недовербата кон системот од самите граѓани што биле предмет или сведоци на говор на омраза. Поголем дел од интервјуираните актери, иако и самите биле жртви на говор на омраза, не покренувале соодветни постапки пред надлежните органи, а како главни причини за тоа ги наведуваат партизираноста на судството и неговата наклонетост кон владејачките партии, под чија заштита се одредени медиумски личности и куќи што промовираат говор што е непримерен за јавната комуникација.

10 Академик Владо Камбовски, д-р Мирјана Лазарова Трајковска "Правна анализа на концептот на казненото дело на омраза и говорот на омраза"

### Судската практика и функционирањето на правните механизми, искуства на засегнатите страни

Единствениот случај на кривична пријава за поттикнување национална, расна или верска омраза (член 319 КЗ) е случајот на палење на државното знаме во едно село во близина на Струга (јануари 2012), дел од еден синџир на настани (Вевчански карневал и исмејување на Куранот, палење на македонското знаме и цркви, етничка омраза на спортски натпревари на репрезентациите на Македонија, убиствата во Гостивар и Смилковци), за кои подетално се зборува во една од студиите на Високата школа за новинарство и за односи со јавноста, кои јасно доловуваат колкаво е влијанието на интернет-медиумите и какви состојби може да се предизвикаат со неодговорно и непрофесионално известување[11].

*Случај 1: Граѓански активист постојан предмет на говор на омраза, по пријавата - полицијата прекорува*

Во текот на летото 2015 година еден познат ТВ-водител почнал да објавува фотографии на една позната ТВ- и интернет-новинарка на својот фејсбук-профил. Фотографиите биле придружени со навредливи коментари, со повици за оставање на телефонскиот број, што е прекршување на Законот за лични податоци, лично вознемирување. Новинарката пријавила во полиција, а од таму, како што вели, ѝ рекле дека ќе постапат. Според сознанијата на новинарката, ТВ-водителот бил викнат на информативен разговор, каде што само го прекориле да престане да објавува таква содржина. Тој не само што не престанал, туку продолжил со уште позасилено темпо, преку неговите колумни, кои се споделуваат на неколку портали, и преку социјалните мрежи, со лажни обвинувања дека новинарката земала хонорари од еден политички лидер, притоа нарекувајќи ја со погрдни зборови и сексистички изрази.

11 Прв и втор извештај на Високата школа за новинарство и за односи со јавноста, од мониторингот на медиумското известување во рамки на Катедрата на УНЕСКО за медиуми, дијалог и заемно разбирање , достапно на: http://www.unescochair-vs.edu.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=102&Itemid=37&lang=mk

*Случај 2: Неколку јавни личности со кривична пријава за говор на омраза, пријавата отфрлена од обвинителството*

Во пролетта 2014 година неколку истакнати јавни личности (политичари, новинари, граѓански активисти) беа предмет на експлицитен говор на омраза на интернет-страница во сопственост на познат ТВ-водител. Во негов напис, полн со навреди кон нив, ТВ-водителот го повикуваше народот да се справи со посочените, доколку институциите не се справат со нив. Посочените на јавна прес-конференција поднесоа пријава до државниот јавен обвинител и го пријавија случајот и во полициска станица. Подоцна, пријавата што била проследена до основниот јавен обвинител во Скопје била отфрлена како неоснована.

*Случај 3: Текстови на активист посочени како „предавство“, повиците за насилство кон него несанкционирани*

Во врска со текстови на еден активист што се објавени на една меѓународна интернет-страница, во одредени интернет-медиуми и од страна на профили на социјални мрежи, тој и неговите написи беа посочени како пример на „предавство“, како пример на некој што треба „да се убие, силува“ итн, во што предничел познат ТВ-водител со неговите објави на социјалните мрежи. Според активистот, објавите биле со крајни дисквалификации, и во однос на неговиот активизам, како и во однос на припадноста на одредени групи што се означени како „непожелни“ во општеството. Неодамна, на еден популарен сајт имало текст што е дел од полемиката на овој активист и друга позната јавна личност активна на социјалните мрежи. Активистот се обидел да разговара со уредникот во врска со текстот напишан од јавната личност, бидејќи е колумнист на таа страница. Му било посочено дека се работи за известување за веќе објавен статус на Фејсбук на таа јавна личност, којшто е отприлика 120-130 реда и целосно се обидува да го дискредитира активистот, и професионално и лично, токму во контекст на неговиот општествен ангажман и припадност кон одредени групи.

### Случаи на насилство кон претставници на интернет-медиуми

Во текот на 2015 година во Македонија се регистрирани неколку физички напади врз сопственици и уредници на интернет-медиуми,

од кои дел беа брутални, со физички последици за нападнатите.

До излегувањето на оваа анализа, за ниту еден од овие случаи нема поконкретни информации, ниту за резултати од истрагите од органите на прогонот, ниту за оформени предмети кон конкретни осомничени лица или пак за покренување конкретни пријави и судски постапки за овие случаи на насилство.

### 2.2.3. ОДГОВОРНОСТ ЗА КЛЕВЕТА И НАВРЕДА ЗА ОБЈАВА НА ИНТЕРНЕТ-МЕДИУМ И СОЦИЈАЛНИ МРЕЖИ

По успешно спроведената декриминализација пред неколку години и отстранувањето на клеветата и навредата од Кривичниот законик, граѓанската одговорност за штета нанесена на честа и угледот на физичко или правно лице со навреда и клевета се уредува со Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета. Исто така, Законот ја гарантира слободата на изразување и информирање како една од битните основи на демократското општество. Ограничувањата на слободата на изразување и информирање законски се уредуваат со определување стриктни услови за граѓанска одговорност за навреда и клевета, во согласност со Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи (член 10) и практиката на Европскиот суд за човекови права.

За носител на јавна функција Законот го смета секое службено, воено, одговорно лице во правно лице или лице што врши работи од јавен интерес, според значењето на тие изрази определено со Кривичниот законик. Во членот 5 став 2 Законот ги има одредено подрачјата на јавен интерес, и тоа: сите облици, институции и активности на вршење на државна власт и јавни институции, локалната самоуправа, општествените дејности како здравството, културата, уметностите, образованието, науката, спортот, средствата за јавно информирање, правниот систем и примената на правото и економскиот систем и економските односи и животната средина.

Членот 5 став 3 од Законот исто така утврдува дека за професионални правила на новинарската професија се сметаат правилата за собирање, анализа и публикување информации утврдени од професионалната организација на новинарите.

#### Навреда

Навредата е определена во членот 6 од Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета[12].

Нема елементи на граѓанска одговорност за навреда доколку еден интернет-портал пренесе изјава што е дадена во работата на Собранието на Република Македонија, во работата на советите на општините и градот Скопје, во управна или судска постапка или пред народниот правобранител, пренесено мислење содржано во службен документ на Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија, органите на управата, судовите или други државни органи, соопштение или други документи на меѓународни организации или конференции, соопштение или друг документ за информирање на јавноста издадени од надлежни државни органи, установи или други правни лица, соопштение или друг службен документ од истраги за сторени кривични дела или прекршоци и во самата изјава се пренесени

12 (1) За навреда одговара тој што со намера да омаловажи, со изјава, однесување, објавување или на друг начин ќе изрази за друг понижувачко мислење, со кое се повредува неговата чест и углед. (2) Одговорност за навреда постои и ако со такво дејствие се омаловажува угледот на правно лице, група лица или умрено лице. (3) За навреда сторена преку средство за јавно информирање (весници, магазини и друг печат, програми на радиото и телевизијата, електронски публикации, телетекст и други форми на уреднички обликувани програмски содржини што се објавуваат, односно се емитуваат дневно или периодично во пишана форма, звук или слика, на начин достапен за широката јавност), може да одговараат авторот на изјавата, уредникот или лицето што го заменува во средството за јавно информирање и правното лице. Тужителот при поднесувањето на тужбата е слободен да одлучи против кое од лицата од овој став ќе поднесе тужба за утврдување одговорност и надоместување штета за навреда. (4) Издавачот, уредникот или лицето што го заменува во средството за јавно информирање и правното лице што го издава средството за јавно информирање, за навреда сторена од новинарот во тоа средство што е автор на изјавата одговараат врз начелото на претпоставена одговорност. (5) Во случаите од ставовите (3) и (4) на овој член новинарот, како автор на изјавата, не одговара за навреда ако докаже дека објавувањето на навредливата изјава му било наложено од страна на уредникот или лицето што го заменува, или дека содржината на неговата изјава е битно изменета од страна на уредникот или лицето што го заменува.(6) Новинарот како автор на изјавата не одговара ако таа добила навредлив карактер со нејзиното опремување со ставање наслови, поднаслови, фотографии, извлекување делови на изјавата од нејзината целовитост, најави или на друг начин од страна на уредникот или лицето што го заменува.

мислења изнесени на јавен собир, во судска постапка или друга јавна манифестација на активноста на државни органи, установи, здруженија или правни лица или се известува за изјава што е јавно соопштена од друг.

Во согласност со професионалните новинарски стандарди пренесувањето одредена изјава на друг треба да се атрибуира, односно - во насловот или во текстот со кој се пренесува одредена вест, треба да се назначи кој ја дал таа изјава.

Согласно со Законот за утврдување на граѓанска одговорност за клевета и навреда, интернет-порталот нема да се смета за одговорен доколку навредата се упатува во сериозна критика, во вршење на новинарската професија, во одбрана на слободата на јавно изразување на мислата или на други права или при заштита на јавен интерес или други оправдани интереси, а при тоа изнесување на понижувачко мислење за друг може да се утврди дека:

1) од начинот на изразувањето или од другите негови околности произлегува дека тоа нема значење на навреда;
2) не предизвикало значителна повреда на честа и угледот на личноста и
3) не е изнесено исклучиво со цел да се понижи личноста на друг или да се омаловажи неговата чест и углед.

Исто така, Законот предвидува дека не е одговорен за навреда тој што ќе изнесе понижувачко мислење за носител на јавна функција во јавен интерес ако докаже дека тоа е засновано врз вистинити факти, или ако докаже дека имал основана причина да поверува во вистинитоста на таквите факти, или ако изјавата содржи оправдана критика или поттикнува расправа од јавен интерес или е дадена во согласност со професионалните стандарди и етика на новинарската професија.

## Клевета

Одговорноста за клевета се утврдува согласно со членот 8 од Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета[13].

Во однос на граѓанската одговорност за клевета, тој што е тужен во одредена судска постапка е должен да ја докажува вистинитоста на фактите содржани во тврдењето, односно во текстот што е авторски. Во случај на пренесена вест, текст или друга содржина, доколку таа е атрибуирана, интернет-порталот што е тужен е должен да докаже дека таа била пренесена и дека тој не е нејзин автор. Во однос на докажувањето доволно е да се докаже дека имал основна причина да поверува во вистинитоста на тврдењата. По исклучок не е дозволено докажување на вистинитоста на факти што се однесуваат на приватниот живот на тужителот, освен ако изнесувањето такви факти е сторено во научно, книжевно или уметничко дело, во сериозна критика, во вршење службена должност, на новинарската професија, на политичка или друга општествена дејност, во одбрана на слободата на јавно изразување, на мислата или на други права или при заштита на јавен интерес. Ако клеветата се состои во јавно префрлање на друг дека сторил кривично дело или дека е осуден за такво дело, одговорноста е исклучена ако изјавата е дадена во јавен интерес и ако лицето што ја дало ќе ја докаже нејзината

13 За клевета одговара тој што за друго лице со утврден или очевиден идентитет, со намера да ѝ наштети на неговата чест и углед, пред трето лице изнесува или пронесува невистинити факти што се штетни за неговата чест и углед, а знае или бил должен и може да знае дека се невистинити.

Одговорност за клевета постои и ако невистинитото тврдење содржи факти штетни за угледот на правно лице, група лица или умрено лице.

Ако изнесувањето или пронесувањето невистинити тврдења за факти е сторено преку средство за јавно информирање (весници, магазини и друг печат, програми на радиото и телевизијата, електронски публикации, телетекст и други форми на уреднички обликувани програмски содржини што се објавуваат, односно се емитуваат дневно или периодично во пишана форма, звук или слика, на начин достапен за широката јавност), за клевета може да одговараат авторот на изјавата, уредникот или лицето што го заменува во средството за јавно информирање и правното лице. Тужителот при поднесувањето на тужбата е слободен да одлучи против кое од лицата од овој став ќе поднесе тужба за утврдување одговорност и надоместување штета за клевета.

Издавачот, уредникот или лицето што го заменува во средството за јавно информирање и правното лице што го издава средството за јавно информирање, за клевета сторена од новинарот во тоа средство што е автор на изјавата одговараат врз начелото на претпоставена одговорност.

Новинарот како автор на изјавата не одговара за клевета ако докаже дека нејзиното објавување му е наложено од страна на издавачот, уредникот или лицето што го заменува или содржината на неговата изјава е битно изменета од страна на уредникот или лицето што го заменува.

Новинарот како автор на изјавата не одговара ако таа добила карактер на клевета со нејзиното опремување со ставање наслови, поднаслови, фотографии, извлекување делови од изјавата на нејзината целовитост, најави или на друг начин од страна на уредникот или лицето што го заменува.

вистинитост или ќе докаже дека имал основана причина да поверува во вистинитоста на таквите факти.

Законот во членот 10 предвидува и исклучување на одговорноста за граѓанска одговорност за клевета[14].

Законот исто така ја регулира и заштитата на изворот на информацијата како основа на принципите на новинарското работење. Па така, предвидува дека од новинар или друго физичко лице што професионално врши дејност на информирање на јавноста, во судска постапка за утврдување граѓанска одговорност за навреда или клевета согласно со законот, не може да се бара да го открие својот таен извор на информации за фактите за кои е должен да ги докажува. Но судот може да побара од тужениот да ги открие релевантните информации заради утврдување на вистинитоста на објавената информација, без притоа да се идентификува изворот на информацијата. Во случај новинарот или физичкото лице што професионално врши дејност на информирање на јавноста одбие да го открие идентитетот на тајниот извор на информации, не може да се земе како негово признание на вина или врз основа на тоа да се засновува заклучок дека тој не ја докажал вистинитоста на фактите или основаноста на верувањето во нивната вистинитост.

Законот ја регулира и одговорноста за електронска публикација, иако не објаснува што се подразбира под поимот електронска публикација. Согласно со Законот за медиумите, електронската публикација не е медиум, па од тука самиот Закон за граѓанска одговорност за навреда и клевета е нејасен по однос на ова прашање.

### Надоместување штета и други правни последици на одговорноста за навреда и клевета

Пред поднесувањето тужба за надомест на штета, физичкото или правното лице на кое му е нанесена штетата со навреда или клевета презема мерки за ублажување на штетата со упатување барање за извинување и јавно повлекување на содржината за која тужителот смета дека е клеветничка или навредлива. Извинувањето или јавното повлекување тужениот е должен да го објави на истото место и во истиот обем во печатеното средство за јавно информирање или на интернет-страницата, или во исто време и во ист обем во електронските средства за јавно информирање или интернет-страницата, како и информацијата на која се реагира (наслов, наднаслов, поднаслов, текст во пишани средства за јавно информирање или интернет-страница, најава во информативна програма, прилог). Извинувањето или јавното повлекување на изјавата се објавува во средството за јавно информирање, односно интернет-страницата, најдоцна во рок од 48 часа од денот на доставувањето на реакцијата.

Ако навредата или клеветата е сторена по пат на средство за јавно информирање или компјутерски систем, оштетениот (се мисли на физичкото или правното лице што смета дека одредена содржина наменета кон него е клеветничка или навредлива) има право да поднесе барање за објавување одговор, демант или исправка во рок од седум дена од денот кога дознал дека е објавена, но не подоцна од еден месец од нејзиното објавување. Средството за јавно информирање што ја објавило клеветничката или навредливата содржина (текст или сл.) го објавува демантот, одговорот или исправката во рок од два дена од доставувањето на барањето, во првиот нареден број, ако се работи за периодични изданија, или во друго

14 Покрај основите за исклучување на одговорноста за клевета од членот 9 ставови (2), (3) и (4) од овој закон, исклучена е одговорноста за тврдење на факти штетни за честа и угледот на друг што е дадено во научно, книжевно или уметничко дело, во сериозна критика, во вршење на службена должност, новинарска професија, политичка или друга општествена дејност, во одбрана на слободата на јавно изразување на мислата или на други права или при заштита на јавен интерес или други оправдани интереси, ако: 1) се изнесува или пронесува тврдење што е содржано во соопштение, одлука или друг документ на државен орган, установа или правно лице, или е изнесено на јавен собир, во судска постапка или друга јавна манифестација на активноста на државни органи, установи, здруженија или правни лица или се пронесува тврдење што е јавно соопштено од друг; 2) на лицето што го изнесува или пронесува таквото тврдење му е оневозможено остварувањето на правото на пристап до информации од јавен карактер спротивно на прописите за слободен пристап до информации, на кое се повикува во својата одбрана; 3) невистинитите факти, содржани во тврдењето, имаат споредно значење во однос на вистинитите факти на кои се однесува тврдењето и не ја менуваат битно целовитата смисла на вистинито тврдење или 4) во средство за јавно информирање се изнесуваат факти што се однесуваат на прашања од јавен интерес со повикување на сериозни извори на сознанија за нивната вистинитост, спрема кои тужениот постапувал со потребната мера на должно внимание во согласност со професионалните стандарди на новинарската професија.

средство за јавно информирање, ако се работи за непериодична публикација. Демантот, одговорот или исправката се објавува на истото место или време и во ист обем како и информацијата на која се реагира (наслов, наднаслов, поднаслов, текст во пишани средства за јавно информирање или интернет-страница, најава во информативна програма, прилог). Објавувањето на демантот, одговорот или исправката може да се одбие ако:

1) барањето не е доставено во рокот од 7 дена од денот кога лицето дознало дека е објавена содржината, но не подоцна од еден месец од нејзиното објавување;
2) одговорот содржи навреда или клевета и
3) одговорот е во спротивност на со закон заштитените интереси на трети лица.

Доста битна околност предвидена со Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета, а во поглед на граѓанската одговорност за навреда, е околноста дека судот може да досуди одреден износ на нематеријална штета поради одредена навредлива содржина само во случај ако лицето против кое е поведена судската постапка не се извинило и јавно не ја повлекло навредливата изјава или ако навредата ја повторило по судската одлука со која се забранува таквото повторување. Што значи дека за да може да се поведе судска постапка против одредено физичко или правно лице за утврдување граѓанска одговорност за навреда, тужителот (лицето што смета дека со одредена изјава, однесување, објавување или на друг начин против него е изразено понижувачко мислење со кое се повредени неговата чест и углед) најпрвин е должен до посоченото лице да упати барање за извинување и јавно повлекување одредена изјава, објава на одредена содржина, однесување или навредливо дејство.

Висината на паричниот надомест на штета за навредата и клеветата е пропорционална со штетата нанесена на угледот на оштетениот и при нејзиното одредување судот ги зема предвид сите околности на случајот, а особено околностите за имотната состојба на тужениот, како и дали тужителот ги презел сите дејства за ублажување на казната предвидени во членовите 13 и 14 од Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета. Оштетениот исто така може да бара од судот и надомест на материјална штета што се состои во вистинската штета и во изгубената добивка. Во однос на клеветата, а заради намалување на штетата, тужениот може да докажува дека се извинил, понудил извинување или на друг начин направил сериозен обид да ги отстрани штетните последици на клеветата.

Законот за граѓанска одговорност има одредена новина во смисла дека е утврден максималниот износ што смее да се досуди во случај против одреден новинар, уредник и правното лице да е утврдена граѓанска одговорност за навреда или за клевета. За новинар максималниот износ е 2.000 евра во денарска противвредност; за уредник или лице што го заменува износ до 10.000 евра во денарска противвредност; за правното лице износ до 15.000 евра во денарска противвредност.

### Поведување судска постапка

Физичкото или правното лице (вклучително и интернет-портал) што смета дека одредено друго физичко или правно лице (вклучително и интернет-портал како правно лице) сторило навреда или клевета може пред надлежен суд да поведе судска постапка за утврдување граѓанска одговорност за навреда и клевета, како и надомест на материјална или нематеријална штета што произлегува од навредата или клеветата. Рокот за поведување судска постапка за граѓанска одговорност за навреда или клевета е 3 месеци од денот кога тужителот дознал или требало да дознае за навредливата или клеветничката содржина, изјава и сл., како и за идентитетот на лицето што ја предизвикало штетата, но не подоцна од една година од денот кога изјавата е дадена пред трето лице. Во секој случај, доколку одреден интернет-портал сака да тужи, треба да го запази рокот од 3 месеци. Надлежен суд за поведување постапка е стварно надлежниот основен суд според местото на извршување на навредата или клеветата. Тоа значи дека доколку одредено правно или физичко лице има седиште во Битола, а дало клеветничка или навредлива изјава во Скопје, стварно надлежен суд ќе биде Основниот суд Скопје 2 Скопје.

Исто така, тужителот може да бара од судот да нареди изреката на пресудата со која се утврдува одговорност за навреда или клевета да се објави по барање на тужителот и според оцена на судот, во еден дневен весник, на трошок на тужениот, на простор не помал од една осмина

од страницата од првата до петтата страница од печатеното средство за јавно информирање.

### Судската практика во однос на примената на Законот за клевета и навреда, искуства на засегнатите страни

Еден долгогодишен уредник што моментално уредува непрофитен информативен сајт, кој исто така често е цел на лични и директни јавни напади од интернет-порталите и од социјалните мрежи, вели дека преку игнорирањето на неговите повеќекратни заложби за институционално адресирање и користење на судските механизми во врска со повредувањето на неговите права изгубил доверба во правосудството. „За навреди сум научен дека треба да ги издржам. Но ова беа и директни клевети. Дека сме земале пари, дека сме работеле за странски служби, дури беа наведувани и суми на пари што сме ги земале, наведувани луѓе со кои соработуваме, конкретни странски разузнавачки служби- грчка итн. Сите предмети ги изгубивме, со образложенија што беа тотално неправни, безобразни. И кога дојде до декриминализација на навредата и клеветата, одлучив дека веќе нема да водам постапки за навреда и клевета бидејќи во овој суд и во ова правосудство јас веќе немам доверба“, вели уредникот.

Се чини дека тоа е чувството што преовладува кај повеќето интервјуирани во однос на примената на Законот за граѓанска одговорност за клевета и навреда. Енормната присутност на клеветите и навредите на интернет, од една страна, и неказнивоста и селективната правда што според интервјуираните постои во Македонија, од друга страна, се причини за огромна недоверба на јавноста кон правосудниот систем.

На неколкуте јавни расправи и дебати за оваа тема, судиите го нотираат јавниот, но и скриениот притисок што со себе го носат случаите за клевета и навреда. При овие јавни дискусии, судиите честопати преферираат за тие притисоци да ги обвинат медиумите и политичарите. Анализата на поголем дел од судската практика поврзана со спроведувањето на Законот за клевета и навреда покажува дека легислативата се применува доследно и неселективно, а некои судии дури и почнале да се повикуваат на практиката на Судот во Стразбур. Сепак, во неколку случаи, воочливо е дека се суди под притисок и пристрасно - кога дел од постапката се политичарите, особено оние од власта, но и кај некои други судски процеси што добиваат политички димензии. Исто така, воочливо е дека добар дел од постапките се водат меѓу самите новинари и медиуми.

Што се однесува на судските постапки во кои се вклучени интернет-медиуми, кај судовите постои дилема дали врз нив да го применуваат принципот на каскадна одговорност за медиумите, уредниците и новинарите, кој е втемелен во Законот. Дилемата настанува поради изземањето на интернет-медиумите од Законот за медиуми, што некои судии го користат како аргумент за неприменување на каскадната одговорност и ограничувањето на отштетата што може да се определи за некој интернет-медиум, уредник или новинар. Од друга страна, на ваква одлука на судот може да влијае и самата фактичка состојба во однос на спорната содржина, на пример, доколку текстот нема автор, а на сајтот нема импресум или јасни информации за тоа кој ја сноси уредувачката и авторската одговорност. Во такви случаи, како одговорен за клеветничката или навредувачката содржина се смета физичкото или правното лице (т.е. одговорното лице назначено од тоа правно лице).

*Случај 1: Функционер тужи за клевета за ненаменско трошење буџетски пари*

Едно лице функционер во државната администрација покренало судска постапка за утврдување граѓанска одговорност за клевета против одредено лице - дека изнело невистинити факти, според кои функционерот ненаменски за три месеци потрошил одредена сума од парите на граѓаните за спортски гаќи и маички. Ова било објавено во одреден медиум, но тој не бил тужен. Основниот суд Скопје 2 Скопје, по одржувањето подготвителни рочишта и рочишта за главна расправа, одлучил да го одбие тужбеното барање на тужителот. Како причина за тоа судот навел дека тужената кон своите наводи објавила и извадок од Бирото за јавни набавки, со што во конкретниов случај судот утврдил дека се исполнети условите од членот 9 став 2 - бидејќи тужениот имал основана причина и доволна фактичка основа во писмените докази - цитираните договори за јавни набавки да поверува во вистинитоста на неговите тврдења, кои потоа станале предмет на оваа тужба за клевета. Според утврденото, документите со кои тужениот распола-

гал во моментот кога ги давал изјавите датираат од претходен период и се и јавно објавени на веб-страницата на Бирото за јавни набавки и со тоа достапни и на пошироката јавност. Ова дотолку повеќе што, како што претходно е утврдено, од доказите кај тужената не постоела намера да изнесува невистинити факти со цел да им наштети на честа и угледот на тужителот, туку да ја информира јавноста за прашања во врска со работата на општината и градоначалникот, која ги засегнува граѓаните и претставува прашање од јавен интерес[15].

Покрај тоа, изјавите на тужената може во дел да се оквалификуваат како нејзино субјективно мислење, што има доволна фактичка основа во известувањето за склучени договори за јавни набавки, а објавено на веб-страницата на Бирото за јавни набавки. Имено, тужената имала право согласно со овие докази да формира и да изрази свое субјективно мислење, а во никој случај од изведените докази не произлезе дека имала намера да ги повреди личните права на тужителот на чест и углед. Таа изразила свое мислење како актуелен советник и политички функционер врз основа на слободата на јавно и политичко изразување, а не со намера да изнесе навредливи и клеветнички изјави кон тужителот со цел да ги повреди неговите лични права на чест и углед.

*Случај 2: Висок државен функционер тужи за навреди и клевети на Фејсбук, судот делумно ја усвојува тужбата и определува отштета*[16]

Одредено лице на својот личен профил на социјалната мрежа Фејсбук изнело невистинити факти штетни за честа и угледот на тужителот, кој бил висок државен функционер, како и понижувачко мислење за него, со што ги повредил честа и угледот на тужителот. По тужбата и судската постапка, судот утврдил делумно прекршување на Законот сторено преку повеќе објави на тужениот на социјалната мрежа Фејсбук, кои подоцна биле објавувани и од други портали и цитирани од други јавни актери. Судот досудил и нематеријална отштета од 500.000 денари, кои тужениот треба да му ги исплати на тужителот, а освен тоа, тужениот се задолжува да ги надомести и судските трошоци[17]. Во образложението на пресудата наведено е дека од сите изведени докази во текот на постапката неоспорно се утврди дека тужениот во повеќе наврати за тужителот изнесувал или пренесувал невистинити факти што се штетни за неговата чест и углед, а знаел или бил должен и можел да знае дека се невистинити, поради што судот одлучил да утврди граѓанска одговорност за навреда и клевета.

### 2.2.4. ЗАШТИТАТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ И ИНТЕРНЕТ-МЕДИУМИТЕ

При објава на одредена вест, интервју или истражувачка сторија за некое лице или лица, правното лице мора да внимава на заштитата на нивните лични податоци.

Согласно со Законот за заштита на личните податоци, „личен податок“ е секоја информација што се однесува на идентификувано физичко лице или физичко лице што може да се идентификува, а лицето што може да се идентификува е лице чиј идентитет може да се утврди директно или индиректно, посебно врз основа на матичен број на граѓанинот или врз основа на едно или повеќе обележја специфични за неговиот физички, физиолошки, ментален, економски, културен или социјален идентитет.

15 Диспозитив на Пресуда на Основниот суд Скопје 2 Скопје во однос на утврдување граѓанска одговорност за клевета: Тужбеното барање на тужителот СЈ од С, ЗА ДА СЕ УТВРДИ граѓанска одговорност за клевета изнесена од страна на тужената МН од С, спрема тужителот СЈ на начин што на ден 15.2.2014 година, во електронскиот медиум......mk со изнесените невистинити факти дека „СЈ за три месеци потрошил.... евра пари на граѓаните на К за спортски гаќи и маички“, ја нарушила честа и угледот на тужителот, како и ДА СЕ ЗАДОЛЖИ тужената на име нематеријална штета за нарушениот чест и углед на тужителот СЈ да му исплати паричен надомест во висина од..... денари, со законска казнена камата во висина на референтната стапка на НБРМ што за секое полугодие важела на последниот ден од полугодието што му претходело на тековното полугодие, зголемена за 8 процентни поени, сметано од денот на поднесувањето на тужбата, па сè до денот на конечната исплата, сè во рок од 15 дена по приемот на пресудата, а под страв на присилно извршување, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО.

16 Постапката се уште не е правосилно завршена.

17 Диспозитив од Пресуда на Основниот суд Скопје 2 Скопје, а заради утврдување граѓанска одговорност за навреда и клевета сторена преку социјалната мрежа Фејсбук: ДЕЛУМНО СЕ УСВОЈУВА тужбеното барање на тужителот Б.Б. од С.

СЕ ЗАДОЛЖУВА тужениот Б.Ф., да му плати на тужителот Б.Б. од С., на име надомест на нематеријална штета износ од 500.000,00 денари, за нарушена чест и углед, со законска казнена камата сметано од денот на пресудувањето - 8.5.2014 година во висина на референтната стапка на НБРМ што за секое полугодие важела на последниот ден од полугодието што му претходело на тековното полугодие зголемена за 8 (осум) процентни поени до исплатата, како и да му ги надомести процесните трошоци во износ од 73.321,00 денари, сè во рок од 15 дена од денот на приемот на пресудата, под страв од присилно извршување.

Поимот „обработка на личните податоци“ е секоја операција или збир на операции што се изведуваат врз лични податоци на автоматски или друг начин, како што се: собирање, евидентирање, организирање, чување, приспособување или промена, повлекување, консултирање, употреба, откривање преку пренесување, објавување или на друг начин правење достапни, изедначување, комбинирање, блокирање, бришење или уништување.

„Субјект на лични податоци“ е секое физичко лице на кое се однесуваат обработените податоци.

Дирекцијата за заштита на личните податоци, по барања на граѓани, најчесто постапувала во следните случаи, а заради заштита на личните податоци:

- објавување фотографии без согласност;
- објавување туѓи лични податоци во рубриката ОГЛАСИ;
- крадење идентитет;
- злоупотреба на лозинка; и
- креирање лажни профили.

Постојат и други повреди во смисла на објава на фотографии од страна на интернет-портали без претходно добиена согласност од страна на лицето чија фотографија се објавува. Тука станува збор за физички лица што не се јавни личности и кои имаат апсолутно право на заштита на приватноста, што важи како за традиционалните, така и за онлајн-медиумите. Исто така, забрането е и преземање фотографии од социјалната мрежа Фејсбук и нивно објавување на одреден интернет-портал.

И за онлајн-комуникацијата и интернет-медиумите важат правилата за заштита на малолетниците. Доколку се објавува фотографија од малолетно лице, задолжително е потребна согласност од страна на родителот/старателот.

Во однос на прекршочните одредби, глобите за правното лице се од 1.000 до 2.000 евра, а за одговорното лице од 250 до 600 евра во денарска противвредност.

### Практиката на надлежните органи во спроведувањето на Законот, искуства на засегнатите страни

Се чини дека спроведувањето на овој закон напредува. Дирекцијата има воспоставено функционален механизам, кој низ увидените примери покажува дека има капацитет да одговори на потребите на граѓаните. Сепак, во одреден број случаи, како што забележуваат интервјуираните од засегнатите страни, реакцијата на Комисијата изостанала или била бавна.

Надлежноста на Дирекцијата се однесува на бришење лажни профили креирани на Фејсбук и на социјалните мрежи воопшто, и реагирање од страна на ДЗЛП при хакирани профили. Вообичаено граѓаните до ДЗЛП доставуваат претставка, односно барање за бришење на лажни профили на Фејсбук. Како што велат од Дирекцијата, тие се единствената институција во регионот што има остварено директна комуникација со седиштето на Фејсбук во Даблин за оваа намена.. Лицето што е одговорно директно комуницира со администраторот на Фејсбук во Даблин и на дневна основа се решаваат предизвиците. ДЗЛП има формирано тим за брзи одговори, кој веднаш реагира на ваквите барања од граѓаните, бидејќи најголем дел од претставките, околу 60%, се реакции за злоупотреба на лични податоци на социјални мрежи, односно на интернет-портали.[18]

*Случај 1: Објавување фотографии без согласност, пријава до Дирекцијата, симнати фотографии*

Едно лице повело постапка пред Дирекцијата поради објавување негови фотографии без негова согласност на една од веб-страниците со забавен и маркетиншки карактер, на која се објавуваат фотографии од ноќниот живот од повеќе градови во земјата. Лицето се обратило до имејл-адресата наведена за контакт со веб-страницата и побарало фотографиите да бидат симнати, меѓутоа не добило никаков одговор. Во случајов станува збор за домен што е регистриран во странство, меѓутоа администраторот на веб-страницата ја врши обработката во Република Македонија. Дирекцијата ги презела сите соодветни мерки и фотографиите биле отстранети уште во текот на постапката.[19]

*Случај 2: Фотографија со коментари стигнува до Уставен суд*

Едно правно лице е казнето од Дирекцијата за заштита на личните податоци поради тоа

18 Интервју со раководител во ДЗЛП, август 2015

19 http://www.dzlp.mk/mk/temi_6

што на интернет-порталот во сопственост на казнетото правно лице биле објавени фотографии на кои имало коментари од други лица. Дирекцијата за заштита на личните податоци барала фотографиите и коментарите да бидат отстранети. Правното лице до Уставниот суд на Република Македонија поднело барање за заштита на слободите и правата на граѓанинот од членот 110 алинеја 3 од Уставот што се однесуваат на слободата на јавното изразување на мислата. Во барањето правното лице навело дека Дирекцијата за заштита на личните податоци го повредила правото на јавно изразување на смислата, односно дека Дирекцијата барала отстранување на коментари и фотографии што биле од јавен интерес, со што ги надминала своите ингеренции и одредувала за што може да се коментира, а што не, со што си дала улога на цензор на јавните податоци објавени во медиумите. Вака, сметало правното лице, Дирекцијата врши цензура на слободната мисла на изразување. Барањето е отфрлено со решение од причина што согласно со Уставот на Република Македонија, заштита на правото на изразување може да бара исклучиво граѓанин-физичко лице што смета дека му е повредена слободата на јавното изразување на мислата.

*Случај 3: Објавени матични броеви и адреси на веб-сајт на здружение*

Друг случај што е воден пред Дирекцијата за заштита на личните податоци е следниов: одредено здружение на граѓани на својата веб-страница објавило цел текст од тужба што нивен член ја имал поднесено пред надлежен суд. При објавата не биле редактирани матичниот број и адресата на живеење на нивниот член, адвокатот и другите учесници во постапката. Дирекцијата за заштита на личните податоци има утврдено повреда на правото на заштита на личните податоци и го задолжува претседателот на здружението во иднина да се воздржи од обработување (објавување) лични податоци неправично, без законска основа и преобемни во однос на целите заради кои се собираат и се обработуваат и да води сметка матичниот број на граѓанинот да не биде непотребно видлив, печатен или преземен од збирка на лични податоци согласно со Законот.[20]

20 http://dzlp.mk/sites/default/files/u4/Up1%20br.%2007-217.pdf

*Случај 4: Објавен телефонски број на новинарка на Фејсбук, без последици за прекршителот*

По објавувањето на телефонскиот број на новинарка од страна на Фејсбук-страницата на познат ТВ-водител, таа се обратила до Агенцијата за заштита на лични податоци. Според неа, од таму бил чуден одговорот - дека тие ќе пишат до Фејсбук да се тргне тоа, што според новинарката е нешто што секој што има фејсбук-профил може да го направи - да пријави до Фејсбук дека тоа е личен податок и дека треба да се тргне од таму. Од ДЗЛП ѝ кажале дека тоа е сѐ што можат да сторат. Понатаму, според новинарката, ДЗЛП контактирале со Фејсбук, а и таа самата веднаш пишала барање до администраторите на Фејсбук (направила „рипорт“), но тоа не било одобрено и не дало никаков плод. Од друга страна, како што вели новинарката, во моментот кога таа одела во Агенцијата, и синот на еден висок функционер бил предмет на изнесување негови лични податоци на Фејсбук, па случајот се решил во рок од 2 дена. „Сите беа ангажирани околу тоа и веднаш од Фејсбук беа отстранети сите фотографии. Значи, очигледно е дека кога се сака- се може, меѓутоа кога не се сака - ќе ти кажат дека ќе направат ‘рипорт’ на личниот податок, дека е јавно објавен“, вели новинарката.

### 2.2.5. ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

Одговорноста за дискриминаторските содржини објавувани на интернет може да се разгледува низ призмата на Законот за спречување и заштита од дискриминација, кој е дел од македонскиот правен систем од 2010 година.

При објава на содржина, преземање текст од друг интернет-портал, забрането е текстот да содржи дискриминирачка содржина. **„Дискриминација“, според дефиницијата на Законот,** е секое неоправдано правно или фактичко, непосредно или посредно правење разлика или нееднакво постапување, односно пропуштање (исклучување, ограничување или давање првенство) во однос на лица или групи што се засновува на полот, расата, бојата на кожата, родот, припадноста на маргинализирана група, етничката припадност, јазикот, државјанството, социјалното потекло, религијата или верското

уверување, образованието, политичката припадност, личниот или општествениот статус, менталната и телесната попреченост, возраста, семејната или брачната состојба, имотниот статус, здравствената состојба или која било друга основа.

Законот забранува во неговите принципи (член 3) каква било директна или индиректна дискриминација, повикување и поттикнување на дискриминација и помагање во дискриминаторско постапување. Во Законот како дискриминаторско однесување и акции (член 5 точка 4) е дефинирано секое активно или пасивно однесување на секое лице, јавен орган, на правно лице и поединци од приватниот и јавниот живот, што создава основа за привилегирање или депривилегирање на лице на неоправдан начин, или што изложува еден човек на неправда и деградирачки третман во споредба со другите во слична ситуација, базирана на која било од дискриминаторските основи.

Исто така, со овој закон, како форма на дискриминација и малтретирање, се укажува на понижувачкиот третман (член 7), дефиниран како повреда на достоинството на едно лице или група на лица што произлегуваат од дискриминаторска основа, која има цел или е резултат на прекршување на достоинството на одредено лице преку создавање или закана со непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика. Законот, исто така, експлицитно посочува на повикување и поттикнување на дискриминација (член 9) - и вели дека за дискриминација ќе се смета секоја активност со која некое лице директно или индиректно повикува, охрабрува, дава инструкции или поттикнува друго лице да изврши дискриминација.

Надлежноста на Комисијата за заштита од дискриминација (член 24) е да ги третира жалбите на случаите на дискриминација и да презема иницијативи за постапување на надлежните органи за прекршување на законот. Законот предвидува правен лек, имено секое лице што смета дека му се повредени правата поради дискриминација може да поднесе случај пред надлежниот суд (член 34 и сл.) Правна одговорност е предвидена за дела што повикуваат или поттикнуваат на дискриминација и помагање на дискриминаторски третман врз основа на дискриминаторски основи (член 42), за повреда на достоинството или воспоставување заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика (член 43 ).

### Судската практика и функционирањето на правните механизми, искуствата на засегнатите страни

До моментот на издавање на овој прирачник, Комисијата за заштита од дискриминација нема поведено ниту една постапка против интернет-портал, поради објавен дискриминаторски текст, ниту има правосилно завршена постапка против интернет-портал. Според достапните податоци објавени од страна на комисијата, во 2012-та имало осум претставки воопшто за дискриминација во медиуми, а во 2013 две претставки[21].

Врз основа на дискриминација пред судот како второстепен орган, досега исто така не е формално отворена ниту една постапка за нарушување на одредбите од овој закон од страна на субјект на интернет.

## 2.2.6. ИНТЕРНЕТ-МЕДИУМИТЕ И ЗАКОНОТ ЗА АВТОРСКО ДЕЛО И СРОДНИТЕ ПРАВА

Авторско дело, во смисла на овој закон, е интелектуална и индивидуална творба од областа на книжевноста, науката и уметноста, изразена на кој било начин и форма.

За авторско дело се сметаат особено:

1) пишано дело (книга, напис, статија, прирачник, брошура, расправа и други дела од иста природа);
2) компјутерска програма, како пишано дело;
3) говорно дело (предавање, говор, беседа и други дела од иста природа);
4) музичко дело, со или без текст;
5) драмско, драмско-музичко, кореографско и пантомимичарско дело;
6) фотографско дело и дело создадено во постапка слична на фотографската;
7) аудиовизуелно дело (кинематографско и друго дело изразено со подвижни слики);
8) дела на ликовната уметност (слика, цртеж, графика, скулптура и друго);

21 Годишен извештај на ДЗК за 2013, стр. 8, достапен на http://www.kzd.mk/mk/dokumenti/2013

9) дела од архитектурата;
10) дела од применетата уметност и дизајнот и
11) картографско дело, план, скица, технички цртеж, проект, табела, пластично дело и друго дело со ист или сличен карактер од областа на географијата, топографијата, архитектурата и науката.

Како авторско дело се смета и преработка на авторско дело, доколку ги исполнува условите определени со овој закон. Како автор се смета физичкото лице што го создало авторското дело и на него му припаѓа авторското право над неговото авторско дело со самото создавање на делото. Секој автор ги има следните исклучиви морални права:

1) право на признавање на авторството (авторот има право неговото име, псевдоним или друга ознака да бидат назначени на секој примерок и при секое јавно користење на делото);
2) право на прво објавување (право на прво објавување на неговото авторско дело и на определување на условите за неговото објавување);
3) право на заштита на интегритетот на делото (авторот има право да се спротивстави на менувањето, деформирањето или сакатењето на делото што може да им наштети на неговата личност, чест и углед, како и на уништување на неговото дело);
4) право на откажување (авторот може да му го откаже правото на користење на делото на носителот на неговото материјално право доколку натамошното користење може да им наштети на неговата личност, чест и углед).

Како материјални права што ги има авторот се наведуваат следните:

1) право на умножување на делото;
2) право на пуштање на делото во промет;
3) право на јавно соопштување на делото и
4) право на преработување на делото.

Како автор на дело, освен физичко лице, може да се јави и правното лице, односно интернет-порталот, и тоа се смета како авторско дело од работен однос. Во случај кога авторското дело е создадено од работник при исполнувањето на неговите работни обврски или по упатство на работодавецот (во натамошниот текст: авторско дело од работен однос), се смета дека материјалните права на авторот на тоа дело исклучиво му се пренесени на работодавецот за време од пет години по завршувањето на делото, доколку со колективен договор, односно со договор за работа, не е определено поинаку.

Интернет-порталот, во случај на пренесување одредена фотографија, аудио-визуелно дело, дела на ликовна уметност, пишано дело, музичко дело и другите авторски дела, мора да го наведе авторот и од каде го има пренесено авторското дело (хиперврска од интернет-порталот или друг начин).

Во однос на оваа проблематика, Центарот за развој на медиуми (ЦРМ) има објавено прирачник за авторско право и сродни права за електронски медиуми, каде што се подетално разработени неколку аспекти поврзани со самото законодавство и неговата примена на интернет.[22]

Според интервјуираните експерти од организации што се занимаваат со медиумите и со авторските права, никој од интернет-медиумите не е „чист“ за прв да почне да презема мерки за заштита на сопствените авторски производи. Дури и оние од нив што сметаат дека се „чисти“ кон почитувањето на авторските права на актерите внатре во Македонија, апсолутно не ги почитуваат авторските права на странски автори. Авторското право е такво, мора да се побара дозвола и да се праша за сè.

Освен културата на неказнивост, и тука е воочлива недовербата на засегнатите и нивната неволност да ги искористат правните механизми што стојат на располагање.

### Судската практика и функционирањето на правните механизми, искуствата на засегнатите страни

Во однос на сеприсутното неавторизирано преземање содржини од странски сајтови, досега имало само неколку случаи каде што познати светски медиуми имаат реагирано кај домашни сајтови за преземање текстови и преведување на добар дел, со поенти и сл. Досега се нема случено тужење по таа основа, но неколкуте процеси што се водат во земјите од регионот најавуваат дека авторските права допрва ќе стануваат актуелни и во нашите судници.

22 http://mdc.org.mk/avtorsko-pravo-i-srodni-prava-za-elektronski-mediumi

*Случај 1: Делови од текстови, но и цели серии на написи се преземаат без никакви последици*

Една новинарка тврди дека до ден денес наоѓа цели извадоци од нејзини текстови што се вклопени во некоја друга тема, но, како што вели, стилот и јазикот си го препознава. На порталите, кога со неколку колеги спровеле обемно истражување за сопственоста во медиумите, сите истражувања биле преземени од еден друг портал, заедно со графичката обработка – приказите и шемите, со фотографиите, без никакво одобрение. Новинарката вели дека таа и нејзините колеги немаат покренато тужба, но дека имаат контактирано со редакциите што го прават тоа, кои на тоа одговараат дека на тој начин го промовираат текстот и го шират. Тоа што не го навеле изворот воопшто не ги засега, иако, по реакцијата, како што кажува новинарката, често се случува да ги менуваат текстовите, но ќе го стават изворот на крај.

*Случај 2: Објавиле информација преземена од сајт на весник, добиле фактура*

И има медиуми што забрануваат преземање на вестите и кога ќе забележат дека некој презел вест од нивната страница, дури и со цитирање извор, веднаш испраќаат фактура до тој што ја презел веста, без притоа да бараат никакво извинување или отстранување на текстот. Еден активист информира за таков случај кога еден информативен портал од граѓанскиот сектор објавил информација за која дознал од еден дневен весник. Иако бил употребен друг „вординг", а текстот не бил просто копиран и содржел напомена дека информацијата е добиена од веб-страницата на весникот, без никаква реакција, едноставно стигнала фактура на адресата на невладиниот портал за наплата на преземена содржина што била забранета за преземање. Како што информира активистот, од компанијата оставиле простор да се преговара, или да се плати сумата, или пак судски да се реши спорот.

### 2.2.7. СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Во истражувачката дејност на интернет-порталот, а заради добивање одредени информации, тој може да се обрати до органите на државната власт и други органи и организации утврдени со закон, органите на општините, градот Скопје и општините во градот Скопје, установите и јавните служби, јавните претпријатија, правни и физички лица што вршат јавни овластувања, утврдени со закон (во натамошниот текст: носителот на информацијата) со барање слободен пристап до информациите од јавен карактер. Тој пристап може да се му се обезбеди преку увид, препис, фотокопија или електронски запис.

Барањето/формуларот за пристап до информација од јавен карактер го има скоро на сите веб-страници на државните институции. Во случај барањето да го нема, тоа може да се преземе од веб-страницата на Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер[23]. Исто така на веб-страницата на комисијата има и листа на информации од јавен карактер.

Доколку барањето е непотполно и поради тоа имателот на информацијата не може да постапува, тој ќе побара од барателот на информацијата да го дополни барањето, со укажување на последиците ако тоа не го направи. Барателот е должен да го дополни барањето во рок од три дена од денот на известувањето за потребата од дополнување на барањето, односно во рок од три дена од денот на приемот на известувањето за потребата од дополнување на барањето. Ако барателот не постапи по насоките на имателот на информацијата, тој донесува заклучок со кој констатира дека барањето е повлечено. Против овој заклучок барателот има право на жалба до Комисијата за заштита на правото на информации од јавен карактер.

Имателот на информацијата е должен веднаш да одговори на барањето од барателот, а најдоцна во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето. Ако барателот смета дека информацијата со која се запознал не е информација што ја навел во барањето, може да бара од имателот на информации да му се овозможи запознавање со информацијата што ја навел во барањето најдоцна во рок од десет дена по приемот на повторното барање кај имателот на информацијата.

Против решението со кое имателот на информацијата го одбил барањето, барателот

23 http://www.komspi.mk/

има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер. Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер решава по жалбата на барателот во рок од 15 дена од денот на приемот на жалбата.

Доколку барателот не е задоволен од одлуката на Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер, тој има право во рок од 30 дена да поведе управен спор пред Управниот суд на Република Македонија.

### Спроведувањето на Законот, улогата на Комисијата, искуствата на засегнатите страни

Во 2014 година до Комисијата, како второстепен орган што одлучува по жалбите од барателите на информации, поднесени се вкупно 849 жалби. Во текот на осумгодишното работење на Комисијата, бројот на изјавените жалби од година во година е променлив. Оваа промена е видлива и во 2014 година, кога се забележува зголемување на поднесените жалби - 849 во споредба со 564 жалби поднесени во 2013 година. Од вкупниот број изјавени жалби, 136 се од физички лица, додека 713 жалби од здруженија на граѓани и фондации. Поголемиот број жалби се поднесени во јуни, јули и август од Здружението ЕСЕ од Скопје -498, Фондацијата Отворено општество – Македонија – 89 и Центар за граѓански комуникации, Скопје - 35. Меѓутоа, треба да се нагласи фактот дека и во 2014 година се бележи зголемување на бројот на жалбите во однос на 2013 година, поднесени од страна на граѓаните-баратели на информации.

КОМСПИ во своите извештаи констатира успешност во работата. Според Комисијата, врз основа на наведените податоци може да се утврди дека Комисијата во голем број случаи позитивно се изјаснила во корист на барателите на информации и донела 222 решенија со кои ја уважува жалбата и го задолжува имателот да ја даде бараната информација и 30 решенија со кои жалбата се уважува и предметот се враќа на повторно постапување пред првостепениот орган. Комисијата во континуитет продолжува да посредува кај имателите на информации, а тоа се потврдува и со 406 донесени заклучоци за запирање на постапката по жалба поради доставување на бараната информација[24].

Сепак, практиката покажува и друга реалност. Во неа, новинарите и медиумите, вклучувајќи ги оние што работат на интернет, имаат големи тешкотии во ползувањето на овој закон. Пред сè поради рокот од 30 дена, кој е нефункционален во медиумски контекст, а потоа и поради недостигот од волја за вистински одговори кај институциите, кои честопати, и кога одговараат на барањата за информации, тоа го прават неквалитетно и формално, цитирајќи делови од закони, од самото барање, но избегнувајќи да дадат одговор за она за што всушност се прашува. Ова, за волја на вистината, им го овозможуваат и самите новинари и медиуми, кои честопати не знаат како точно да го формулираат барањето и оставаат „маневарски" простор за институцијата. Потоа, следува период на префрлање топка, жалба до Комисијата, која ќе ѝ наложи на институцијата да даде одговор, па повторно барање и повторен одговор, кој исто така пак може да биде неодреден. И така се влегува во еден круг, кој ги демотивира и медиумите и граѓаните да бараат информации што и по законот имаат право да ги дознаат.

*Случај 1: Година дена чека одговор на барање информација од институција*

Новинарка од интернет-медиум до Секретаријатот за спроведување на рамковниот договор доставила барања за пристап до информација и веќе година дена чека одговор на 2-3 барања. Таа поднела жалба до Комисијата, која потоа барала од Секретаријатот да одговори. Целата постапка трае предолго, вели новинарката, и влијае демотивирачки на оние што бараат информации од институциите. „Губиш волја, на крајот на краиштата, имаш побитни тековни настани", вели таа.

*Случај 2: Законот е нефункционален за медиуми, па затоа некои медиуми го игнорираат*

Во еден интернет-медиум имале практика во случаи да поставаат прашања до некоја институција, па да чекаат одговор 30 дена. Во таа

24 Годишен извештај КОМСПИ 2014, стр.5, 9, http://komspi.mk/wp-content/uploads/2014/07/%D0%93%D0%9E%D0%94%D0%98%D0%A8%D0%95%D0%9D-%D0%98%D0%97%D0%92%D0%95%D0%A8%D0%A2%D0%90%D0%88-2014-%D0%9A%D0%9E%D0%9D%D0%95%D0%A7%D0%9D%D0%9E.pdf

смисла, велат, свесно го игнорираат тој закон. „Какво е тоа новинарство ако информацијата ја добиеме по 30 дена? Се јавуваме директно и ја бараме информацијата, често сме заобиколувани и немаме одговор“.

### 2.2.8. ИНТЕРНЕТ-МЕДИУМИТЕ И ЗАКОНОТ ЗА МЕДИУМИ

Чести се прашањата дали интернет-медиумите како своевидна платформа во која се објавуваат содржини претставува медиум согласно со Законот за медиуми.

Со измените на Законот (Сл. весник на Република Македонија бр.13/2014 година), како медиум се сметаат средствата за јавно информирање, односно каков било вид комуникација како весници, магазини, програми на радиото и телевизијата, телетекст и други средства за дневно или периодично објавување уреднички обликувани содржини во пишана форма, звук или слика, со цел да се информираат и да се задоволат културните, образовните и другите потреби на пошироката јавност.

Медиуми не се билтените, каталозите и другите форми на публикации, независно од средството за објавување, наменети исклучиво за огласување, за образовниот систем или за деловна кореспонденција, за работата на трговските друштва, установите, здруженијата, политичките партии, државните и судските органи, јавните претпријатија, правни лица со јавни овластувања и верските организации.

За медиуми не се сметаат и весниците и билтените на образовните институции, „Службен весник на Република Македонија“, публикациите на единиците на локалната самоуправа, плакатите, летоците, проспектите и транспарентите.

Па согласно со горенаведеното, интернет-порталите, согласно со важечкиот Закон за медиуми, не се сметаат за медиуми, а одредбите од овој закон, кои важат за сите медиуми, се применуваат на регулација на нивното функционирање.[25]

25 Законите за медиуми и аудиовизуелни медиумски услуги се достапни на www.avmu.mk

## 2.3. ДЕЛОВНИ И РАБОТНИ ОДНОСИ

### 2.3.1. ОСНОВАЊЕ НА ИНТЕРНЕТ-МЕДИУМИ ОД СТРАНА НА ТРГОВСКИ ДРУШТВА

Најпрво, доколку целта е да се оствари профит од интернет-медиумот, мора да се основа трговско друштво, преку кое интернет-медиумот ќе функционира на пазарот. Друштвото се основа согласно со Законот за трговски друштва и може да се основа во една од следните форми:

- јавно командитно друштво (ЈКД);
- командитно друштво (КД);
- друштво со ограничена одговорност[26] (ДОО и ДООЕЛ) (доколку се основа на едно лице, се именува друштво со ограничена одговорност на едно лице);
- акционерско друштво (АД); и
- командитно друштво со акции (КДА).

Во правниот промет во Македонија, речиси секогаш, физичките лица, за вршење на трговската дејност интернет-портал, се одлучуваат да основаат трговско друштво во форма - друштво со ограничена одговорност (ДОО/ДООЕЛ). Најчеста причина за ова е што ДОО/ДООЕЛ се форми на трговски друштва каде што основачот/основачите одговараат за обврските на друштвото во висина на нивниот влог, односно одговорноста што основачите ја имаат во поглед на обврските на друштвото е ограничена.

Друштвото (фирмата) се основа со внесување влог од страна на содружникот/содружниците во однапред договорена основна главнина на друштвото. Основната главнина на друштвото изнесува минимум 5.000,00 евра во денарска противвредност. Влогот во основната главнина може да биде паричен или непаричен влог. Непаричниот влог се состои од предмети што се во сопственост на основачот/содружникот што го внесува. Поединечниот влог не може да биде помал од 100 евра во денарска противвредност. Влогот мора да биде изразен со цел број, кој е делив со бројот 100. Друштвото може да се основа и без уплата на основната главина, со тоа што основачите/содружниците се должни

26 Разликата помеѓу ДОО (друштво со ограничена одговорност) и ДООЕЛ (друштво со ограничена одговорност на едно лице) е во бројот на физичките или правните лица што се јавуваат како основачи. Доколку е еден, тогаш формата е ДООЕЛ, доколку се двајца или повеќе основачи, формата е ДОО.

да го внесат својот влог во основната главнина во рок од 1 - една година од денот на објавата за регистрација на друштвото на веб-страницата на Централниот регистар на Република Македонија.

Во членот 29 од Законот за трговските друштва на Република Македонија се набројуваат субјектите што не можат да основаат трговско друштво.[27]

Во националната класификација на дејности, во група 72.40/0 Бази на податоци, интернет-порталите се во подгрупа 63.12, со што се дозволува остварување профит по оваа трговска дејност.

Основањето на ДОО/ДООЕЛ се прави со поднесување на следните документи пред регистрационен агент овластен за основање трговски друштва:

1. Изјава за основање/Договор за основање[28] - документи во кои мора да бидат наведени називот на друштвото, седиштето, основачите, управителот и други одредби што се стандарди за уредување на односите помеѓу друштвото, основачот/основачите и управителот;
2. Изјава на основачот по членот 29 и 32 од Законот за трговските друштва;
3. Изјава на управителот на друштвото по членот 29,32,183 и 231 став 4 од Законот за трговските друштва;
4. Изјава по членот 7 од Правилникот за овластување на Регистрационен агент, потпишана од содружникот;
5. Изјава по членот 7 од Правилникот за овластување на Регистрационен агент, потпишана од управителот.

## Управување со друштвото

Со трговското друштво ДОО/ДООЕЛ може да управува еден управител, односно повеќе управители, кој се избира од страна на содружникот/содружниците. За управител може да биде избрано физичко лице што е деловно способно. Управител може да биде и основачот на друштвото. Овластувањата на управителот се определуваат со договорот за друштвото. Ако со договорот за друштвото не се определени овластувањата на управителот, тој може да ги презема сите правни работи и дејства што се поврзани и вообичаени за водењето на работите и што се во интерес на друштвото. Во односите со трети лица, управителот е овластен да дејствува во сите околности од името на друштвото, со исклучок на овластувањата што, според овој закон и договорот за друштвото, ги имаат содружниците.

Ако се избрани повеќе управители, сите управители на друштвото имаат еднакви овластувања и права во однос на водењето на работите на друштвото, освен ако со договорот за друштвото не е определено поинаку.

Друштвото во односите со трети лица го застапува управителот. Управителот се потпишува така што по наведувањето на фирмата на друштвото, го назначува својот статус на управител и го става својот потпис. Ако друштвото има повеќе од еден управител, друштвото го застапуваат сите управители, освен ако со договорот за друштвото не е определено поинаку. Изјавата на волја спрема друштвото изразена кон еден од управителите се смета дека е сторена до сите управители. Управителот е обврзан да ги почитува ограничувањата на овластувањето за застапување, определени во договорот за друштвото, во одлуката на собирот на содружниците или во одлуката донесена

27 1)трговски друштва чија сметка отворена кај кој било носител на платниот промет е блокирана и лицата што се членови на органот на управување, органот на надзор, односно се управители на тие друштва, сè додека трае блокадата на сметката на друштвото или додека над него не се отвори постапка на ликвидација или стечај; 2) друштва над кои е отворена стечајна постапка, додека трае постапката; 3) лица што се членови на органот на управување, органот на надзор, односно се управители на трговски друштва на кои во постапка пропишана со закон им е изречена забрана за вршење професија, дејност или должност, сè додека трае забраната; 4) лице што е содружник во друштво со ограничена одговорност (ДОО) или во друштво со ограничена одговорност основано од едно лице (ДООЕЛ) чија сметка е блокирана додека трае блокадата на сметката на друштвото или додека над друштвото не се отвори постапка за ликвидација или стечај и 5) содружниците, управителите и членовите на органот на управување и органот на надзор на друштвата за кои согласно со членот 552-б од овој закон е започната постапка за бришење додека трае таа постапка и во период од три години од денот на објавата на бришењето на друштвото на веб-страницата на Централниот регистар, освен основачите, односно содружниците што се меѓународни финансиски организации чија членка е Република Македонија и чие учество во основната главнина на друштвото е под 50% 6)лица за кои со правосилна одлука на судот е утврдено дека сториле кривично дело лажен стечај, предизвикување стечај со несовесно работење, злоупотреба на постапката стечај, оштетување или повластување на доверители и изречена им е забрана за вршење професија, дејност или должност, сè додека траат правните последици од забраната.

28 Изјава за основање се потпишува во случај основачот е едно лице (ДООЕЛ); Договор за основање се потпишува кога се два или повеќе основачи (ДОО).

преку допишување. Управителот што знаел дека презема дејство од името на друштвото без да има овластување за тоа, лично му е одговорен на друштвото за штетата што произлегла од тоа.

Правното лице е должно за секоја измината деловна година од 1 јануари до 31 декември да доставува годишна сметка за работата на друштвото.

### 2.3.2. ИНТЕРНЕТ-МЕДИУМИ ОСНОВАНИ ОД СТРАНА НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ

Друга форма за водење на интернет-медиум е преку основање здружение на граѓани, согласно со одредбите на Законот за здруженија и фондации.

За разлика од трговските друштва (ДОО/ДООЕЛ), каде што основачите го основаат со цел да остваруваат профит за себе, кај интернет-порталите што се здруженија целта е унапредување на одредени цели за кои здружението смета дека има потреба во самото општество. Едно од начелата на здруженијата на граѓаните е начелото на непрофитност утврдено во членот 12 од Законот за здруженија и фондации. Тоа подразбира дека здружението не може да се основа заради стекнување добивка. Но тие може да стекнат добивка ако нивната дејност е поврзана со целите утврдени во Статутот на здружението. Доколку здружението оствари добивка, таа мора да биде употребена за остварување на целите определени со Статутот на здружението. Остварената добивка **не може** да се распределува меѓу основачите, членовите, членовите на органите, директорите, вработените или кое било друго лице поврзано со нив. Но тоа не значи дека со остварената добивка не може да се покриваат тековни трошоци, како на пример плати за вработени, бидејќи лицата се вработени заради остварување на целите на здружението.

Здружение на граѓани може да основаат најмалку 5 - пет правни лица и деловно способни физички лица од кои 3 - три мора да имаат живеалиште или престојувалиште, односно седиште на територијата на Република Македонија. Приоритетна дејност/главна приходна шифра на здруженијата на граѓани е: 94.99 - Дејности на други организации врз база на зачленување, неспомнати на друго место.

Здружението се основа на основачко собрание на кое се донесува акт за основање, програма, статут и се избираат органите на здружението. Во Законот за здруженија и фондации поопширно е наведено што треба да содржи, поединечно, секој од наведените акти на здружението. Во сите од овие наведени документи се наведуваат целите што здружението сака да ги постигне. Тие не смее да бидат во спротивност со Уставот и законите на Република Македонија. Во однос на интернет-порталите најчести цели на здруженијата се заштита и развој на демократијата, граѓанското општество и јавното мислење; развој на етиката и моралот; развој на меѓуетничките односи; унапредување на европските стандарди; подобрување на новинарската професија во Р. Македонија итн.

Органи на здруженијата се следните:

- Собрание;
- Застапник на здружението (често нарекуван претседател);
- Управен одбор (опционо, зависи од начинот на организациско - хиерархиската структура што здружението сака да ја воспостави);
- Надзорен одбор (опционо, зависи од начинот на организациско - хиерархиската структура што здружението сака да ја воспостави).

Изборите на финансирање на здружението се предвидени во членот 48 од Законот, кој наведува: *„Организациите средствата за финансирање ги стекнуваат од членарина, основачки влогови, доброволни прилози, донации, подароци (во пари, добра, имотни права), завештанија, легати, дејности со кои се стекнува добивка, кирии и закупнини, како и приходи од инвестиции, дивиденди, камати, заеми и други приходи во согласност со закон и со статутот.“*

Правното лице е должно за секоја измината деловна година од 1 јануари до 31 декември да доставува годишна сметка за работата на здружението.

### 2.3.3. РЕГИСТРАЦИЈА НА ДОМЕН

За вршење на дејноста интернет-портал, трговското друштво/здружението мора да закупи интернет-домен од еден од овластените интернет-агенти за регистрација на домен. Правото да регистрираат *.mk* домен го имаат сите физички и правни лица. Правото да регистрираат *org.mk* домен го имаат непрофитните организации, здруженија на граѓани и фондации. Правото

да регистрираат *com.mk*, *net.mk* и *inf.mk* домен го имаат сите трговски друштва и правни лица регистрирани за вршење стопанска дејност.

При регистрација на домен, трговското друштво/здружението на граѓани мора да наведе административен контакт и технички контакт. Барањето за регистрација на домен може да се преземе од веб-страниците на агентите што нудат регистрација на домен, чијашто листа ја има на веб-страницата на МАРнет[29].

## Спроведување на прописите, искуства на засегнатите страни

МАРнет е јавна установа што врши дејност од јавен интерес. Основана е со изгласување на Законот за основање на Македонска академска истражувачка мрежа – МАРнет е донесен и објавен на 20.9.2010 година, во Службен весник на РМ бр.124. Со тоа МАРнет стекнува статус на правно лице со запишување во централниот регистар на Република Македонија. Со назначувањето на директор, МАРнет официјално започнува со работа.

Меѓу другото, МАРнет е задолжен за одржување и управување со националниот ДНС, меѓународно претставување и членство; водење политика и развој на националната академска мрежа.

Управувањето со МАРнет се врши од страна на Управниот одбор. Членовите на одборот се именуваат и разрешуваат од страна на Владата на Република Македонија. Членовите на Управниот одбор се именуваат врз принципот на стручност и компетентност и принципот на соодветна и правична застапеност[30].

Во Македонија, договор со МАРнет за вршење функција на регистратори на домени имаат склучено 19 компании. На веб-страницата на МАРнет се достапни и информациите за системот на регистратори на домени кај нас[31].

Врз основа на членот 10 став 1 алинеја 8 и 9 од Законот за основање на Македонската академска истражувачка мрежа МАРнет („Службен весник на Република Македонија" број 124 /10 од 20.9.2010 година), Управниот одбор на МАРнет на седница одржана на 21.5.2014 година го донесе *Правилникот за организација и управување со врвниот .мк и .мкд домен*[32]. Со овој Правилник се регулираат прашањата на организацијата и управувањето со врвниот македонски *.mk* домен и врвниот македонски *.мкд* домен, видови поддомени во *.mk* и *.мкд* домените и нивното користење, називите на поддомените, регистрацијата и бришењето на поддомените во *.mk* и *.мкд* домените, права и обврски на корисниците на поддомени, начинот на упатување за решавањето на спорови и други прашања во врска со водењето на врвните македонски домени и регистрираните поддомени во *.mk и .мкд* домените.

Според членот 5 на овој Правилник, во врвниот *.mk* домен се организираат:

- Примарен домен *.mk*, и
- Секундарни домени: 1. *gov.mk* 2. *edu.mk* 3. *org.mk* 4. *com.mk* 5. *net.mk* 6. *inf.mk*

Во понатамошните членови на Правилникот се објаснува категоризацијата на домените и поддомените и начинот на нивно добивање и регистрација на сајт под определено име.

Да се отвори сајт и да се регистрира домен во Македонија е релативно лесно и е можност што секоја година ја користат илјадници нови сајтови што се појавуваат во македонскиот интернет-простор. Барањето за регистрација на домен или за менување на податоците во регистрацијата е лесно достапно и видливо на страницата на МАРнет[33].

Според податоците на МАРнет, во Македонија се регистрирани 23.937 домени (7.965 .com.mk; 13.615 .mk; 614 .мкд, 821 .org.mk; 167 .net.mk; 15 .inf.mk; 340 .gov.mk; 259 .edu.mk домени). Сепак, ова не значи дека во земјава постојат над 23.000 веб-страници, колку што има регистрирани домени, бидејќи постојат медиумски и други компании, физички и правни лица што поседуваат два или повеќе домени. На пример, добар дел од медиумите што порано ги користеа адресите со екстензијата .com.mk подоцна отворија и домени со екстензијата .mk, а и двата домени водат до истата веб-страница, т.е. локација на интернет. Освен тоа, има многу домени што не се активни, кои функционирале порано како дел од парцијални и проектни

29 http://marnet.mk/domeni/registrari/lista-na-registrari/

30 Законот, надлежностите и мисијата на МАРнет се достапни на: http://marnet.mk/za-nas/

31 http://marnet.mk/domeni/registrari/sistem-za-registracija/

32 http://marnet.mk/doc/pravilnik-mk-mkd.pdf

33 http://marnet.mk/doc/baranje-za-domen.pdf

активности на разни физички и правни лица во земјава, или се планира да функционираат во иднина, но сè уште не се активни.

Што се однесува на процедурите за регистрацијата на домен, ниту еден од интервјуираните не изрази забелешки во однос на функционирањето на надлежните тела и механизмите.

### 2.3.4. ЗАКОНОТ ЗА РАБОТНИТЕ ОДНОСИ И ИНТЕРНЕТ-МЕДИУМИТЕ

#### Засновање на работен однос

Во делот на регулацијата на правата и обврските на сите вработени во интернет-медиумите важат одредбите од постојниот Закон за работни односи.

Како прво прашање се јавува прашањето на засновање на работен однос на вработените. Со потпишување на договорот за вработување се заснова работен однос меѓу работникот и работодавецот. Правата, обврските и одговорностите врз основа на вршењето на работата од работниот однос и вклучување во задолжителното социјално осигурување врз основа на работниот однос, започнуваат да се остваруваат со денот на стапувањето на работникот на работа, договорени во договорот за вработување.

Работодавецот е должен да поднесе пријава/одјава (електронски образец М1/М2 испечатен од системот на Агенцијата за вработување на Република Македонија) за работникот во задолжително социјално осигурување (пензиско и инвалидско, здравствено и осигурување во случај на невработеност), во согласност со посебните прописи, во Агенцијата за вработување на Република Македонија, по електронски пат или непосредно во Агенцијата со приложување на ППР-образец, овластување на овластено лице со список за лица што ги пријавува/одјавува, во кое се наведени името, презимето и ЕМБГ, како и бројот на договорот за вработување и датумот на склучување на договорот за вработување, еден ден пред работникот да стапи на работа, а за итни и неодложни работи, најмалку еден час пред работникот да стапи на работа.

Заверена фотокопија од пријавата или извод од компјутерски запис од информацискиот систем на Агенцијата му се врачува на работникот во рок од три дена од денот на стапувањето на работа. Агенцијата за вработување на Република Македонија, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија и Фондот за здравствено осигурување на Република Македонија се должни да водат и трајно да ја чуваат евиденцијата на пријавите и одјавите во социјално осигурување и по барање на лицето да му издадат податоци за состојбата и промените во врска со социјалното осигурување на работникот.

Агенцијата за вработување на Република Македонија, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија и Фондот за здравствено осигурување на Република Македонија, вршат размена на податоците во врска со социјалното осигурување.

Ако датумот на стапување на работа не е определен во договорот за вработување, како датум на стапување на работа се смета наредниот ден од датумот на потпишувањето на договорот за вработување, а работникот се пријавува во Агенцијата за вработување на Република Македонија на датумот на потпишувањето на договорот за вработување.

Работникот не може да стапи на работа пред да се склучи договор за вработување и пред работодавецот да го пријави во задолжително социјално осигурување. Правата, обврските и одговорностите врз основа на вршењето на работата од работниот однос и вклучување во задолжителното социјално осигурување врз основа на работниот однос, започнуваат да се остваруваат со денот на стапувањето на работа, исто така, и во случај ако на тој ден работникот од оправдани причини нема да започне да работи. Оправдани причини според овој закон, поради кои работникот не почнува со работа на денот определен со договорот за вработување, се случаите кога работникот е отсутен од оправдани причини утврдени со закон, колективниот договор и договорот за вработување. Ако работникот неоправдано не стапи на работа првиот ден на денот определен за стапување на работа, ќе се смета дека не засновал работен однос. Доколку работодавецот по престанокот на работниот однос, во рок од осум дена од денот на престанокот на работниот однос, не го одјави работникот од задолжително социјално

осигурување, одјава на работникот може да се изврши по барање на работникот врз основа на претходно доставен записник од инспекторот на трудот до Агенцијата за вработување на Република Македонија.

Договорот за вработување може да биде на определено и на неопределено време. Доколку се склучува договор на определено време, со прекин или без прекин, тој трае до 5 години. Договор за вработување на определено време за замена на привремено отсутен работник може да се склучи до враќањето на привремено отсутниот работник. По исклучок работниот однос заснован со договор за вработување на определено време може да се трансформира во работен однос на неопределено време и пред истекот на рокот од 5 години, ако работникот работи повеќе од две години на работно место што е ослободено врз основа на пензионирање или други основи и за кое се обезбедени финансиски средства, доколку работодавецот утврди дека има трајна потреба од работникот, под услови и на начин утврдени со закон.

## Содржина на договорот за вработување

Со Договорот за вработување детално се уредуваат односите помеѓу работодавецот и работникот, а елементите што тој мора да ги содржи се следните:

1) податоци за договорните страни, нивното живеалиште, односно седиште;
2) датум на стапување на работа;
3) назив на работното место, односно податоци за видот на работата за којашто работникот склучува договор за вработување, со краток опис на работата што ќе ја врши според договорот за вработување;
4) одредби за обврската на работодавецот да го информира работникот за ризичните работни места и посебни стручни квалификации или познавања или неопходен посебен медицински надзор, во согласност со законот, со наведување на посебните ризици што според законските прописи може да бидат последица од работата;
5) место на вршење на работата. Ако не е наведено точното место, се смета дека работникот ја врши работата во седиштето на работодавецот;
6) време на траење на работниот однос, кога е склучен договор за определено време;
7) одредба за тоа дали се работи за работен однос со полно или пократко работно време;
8) одредба за дневно или неделно редовно работно време и распоредување на работното време;
9) одредба за висината на основната плата што се изразува во паричен износ, која му припаѓа на работникот за вршење на работата според закон, колективен договор и договорот за вработување;
10) одредба за другите надоместоци што му припаѓаат на работникот за вршење на работата според закон и колективен договор;
11) одредба за годишниот одмор, односно начинот за определување на годишниот одмор и
12) наведување на општите акти на работодавецот во кои се определени условите на работа на работникот.

Измени на договорот за вработување може да бидат предложени од страна на работодавецот или од страна на работникот. Измените на договорот за вработување се вршат со анекс на договорот за вработување. Анексот на договорот за вработување се склучува во иста форма како и договорот за вработување, согласно со законот. Измените на договорот за вработување може да бидат извршени ако и двете страни се договорат за истото.

## Обврски на работникот

Работникот е должен совесно да ја извршува работата на работното место за коешто склучил договор за вработување, во време и на место што се определени за извршување на работата, почитувајќи ја организацијата на работа и деловната активност на работодавецот.

Работникот е должен да ги почитува и да ги спроведува прописите за заштита при работа, да ги заштити својот живот и здравје, како и здравјето и животот на другите лица. Право и обврска на секој работник е да се грижи за сопствената безбедност и безбедноста на другите лица што работат со него, во согласност со обуките и инструкциите што му се дадени од страна на работодавецот, да биде запознаен со мерките за безбедност на здравје при работа и да биде обучен за нивната примена, согласно со прописите за безбедност и здравје при работа.

Работникот има право да одбие извршување на работата доколку е изложен на непосредна опасност по здравјето или по животот, кога не се спроведени безбедносните мерки и да побара нивно отстранување.

### Обврски на работникот да чува деловна тајна

Она што е посебно битно за вработените во интернет-медиумите (како впрочем и во сите медиуми) се законските обврски за чување деловна тајна. Така, работникот не смее да ги искористи за своја сопствена употреба или да му ги предаде на трето лице податоците што се сметаат за деловна тајна на работодавецот, кои како такви со посебен акт ќе ги определи работодавецот и кои му биле доверени на работникот или со кои бил запознаен на друг начин. Работникот е одговорен за издавање деловна тајна, ако знаел или би морал да знае за таквото својство на податоците.

Секој работник што доаѓа во контакт со материјали, информации и податоци што се класифицирани е должен да ја чува нивната тајност. Претставниците на работниците и сите експерти што им помагаат не смеат на работниците или на трети страни да им откриваат какви било информации што се од деловен интерес на работодавецот, а кои јасно им биле кажани во доверба. Оваа обврска продолжува да важи и по завршувањето на нивниот мандат.

Во одредени случаи и според условите и ограничувањата утврдени со законот, може да се утврди дека работодавецот не е обврзан да пренесе информации или да се консултира кога природата на тие информации или консултации е таква што според објективни критериуми сериозно би го нарушила или би го довела во прашање функционирањето на работодавецот.

### Конкурентска забрана (законска забрана за конкурентско дејствување) и конкурентска клаузула (договорна забрана за конкурентско дејствување)

*Конкурентска забрана*

За времетраењето на работниот однос работникот не смее без согласност на работодавецот за своја или на туѓа сметка да врши или да склучува работи што спаѓаат во дејноста на работодавецот и значат или би можеле да значат конкуренција на работодавецот. Работодавецот може да бара обесштетување на штетата, настаната со постапувањето на работникот спротивно на наведеното, во рок од три месеци од денот кога дознал за вршењето на работата или за склучувањето на зделката, односно во рок од две години од довршувањето на работата или склучувањето на зделката.

*Конкурентска конкуренција*

Ако работникот при своето работење или во врска со работата добива технички, производствени или деловни знаења и деловни врски, во договорот за вработување работникот и работодавецот може да договорат забрана за вршење конкурентско дејствување по престанувањето на работниот однос (конкурентска клаузула). Конкурентската клаузула може да се договори најдолго за период од две години по престанувањето на договорот за вработување, и тоа само во случаите кога на работникот му престанува договорот за вработување по негова волја или вина. Конкурентската клаузула не смее да ја исклучи можноста за вработување на работникот. Ако конкурентската клаузула не е изразена во писмена форма, се смета дека не е договорена.

### Обврски на работодавецот

Работодавецот е должен на работникот да му обезбеди работа за којашто страните се договориле во договорот за вработување. Ако не е договорено поинаку, работодавецот на работникот е должен да му ги обезбеди сите потребни средства и работен материјал за да може непречено да ги исполнува своите обврски и да му овозможи слободен пристап до деловните простории. Работодавецот е должен на работникот да му обезбеди соодветно плаќање за вршењето на работата.

Работодавецот мора да обезбеди услови за безбедност на животот и здравјето на работниците во согласност со посебните прописи за здравје и безбедност при работа и да ги преземе неопходните мерки со кои се гарантира дека на секој работник му е дадена доволна обука соодветна на посебните карактеристики на работата, водејќи сметка за неговата стручна подготовка и искуство. Работодавецот треба

да направи процена на ризикот во смисла на систематски преглед на сите аспекти на работата, со цел да се идентификуваат можните причини за повреди или оштетување на здравјето на работниците или безбедните работни услови.

По добивањето известување дека некоја работничка е бремена, во текот на различните фази на бременоста работодавецот е должен да воведе повеќекратно оценување на ризиците што може да влијаат на бремената жена, нејзиното неродено или новородено дете. Дополнително оценување на ризикот се применува и при промена на условите за работа, опремата или машините. По соодветни консултации и согласност на жената, а во зависност од природата, интензитетот и времетраењето на ризикот, работодавецот треба да воведе мерки за подобрување на здравјето и безбедноста при работа на бремената работничка, работничка што неодамна родила или дои итн.

Ако при оцената на ризикот не е откриен ризик, работодавецот треба да ги информира сите вработени за потенцијалните ризици. Исто така, работодавецот треба да објасни што ќе се направи за да се осигури дека новите бремени работнички нема да бидат изложени на ризици што може да предизвикаат оштетување на нивното здравје и безбедност.

### Обврски за задолжително социјално осигурување

Во задолжително социјално осигурување спаѓаат придонесите за:

1) пензиско и инвалидско осигурување врз основа на тековна исплата;
2) задолжително капитално финансирано пензиско осигурување;
3) стаж на осигурување што се смета со зголемено траење;
4) здравствено осигурување и
5) осигурување во случај на невработеност.

Обврзник за плаќање придонес за задолжително пензиско и инвалидско осигурување е: 1) работник во работен однос кај правно лице, самовработено лице, установа, друго правно лице што врши дејност на јавна служба, државен орган и орган на единиците на локалната самоуправа и градот Скопје; 2) државјанин на Република Македонија што на територијата на Република Македонија е вработен кај странски и меѓународни органи, организации и установи, кај странски дипломатски и конзуларни претставништва, во лична служба на странски дипломатски и конзуларни претставништва или е во лична служба на странци, доколку со меѓународен договор ратификуван од Република Македонија не е определено поинаку; 3) државјанин на Република Македонија што е во работен однос во странство, врши дејност во странство или е упатен на работа во странство, ако за тоа време не е задолжително осигурен кај странски носител на осигурување, доколку со меѓународен договор ратификуван од Република Македонија не е определено поинаку; 4) државјанин на Република Македонија вработен во странство во држава во која е задолжително осигурен, но во која правата од пензиско и инвалидско осигурување не може да ги остварува или не може да ги користи надвор од таа држава; 5) самовработено лице; 6) носител на семејно земјоделско стопанство од прва, втора и трета категорија согласно со Законот за земјоделство и рурален развој; 7) верско службено лице; 8) привремено невработено лице додека прима паричен надоместок од осигурување во случај на невработеност, согласно со законот; 9) инвалид на трудот за време на користење на право на професионална рехабилитација согласно со законот; 10) самостоен уметник што тој статус го добил според критериумите, во соодветна постапка со соодветен акт на министерот за култура; 11) врвен спортист што тој статус го добил според критериумите, во соодветна постапка и со соодветен акт на Агенцијата за млади и спорт; 12) странец што на територијата на Република Македонија е во работен однос или во служба на странски физички и правни лица, меѓународни организации и установи или странски дипломатски и конзуларни претставништва, доколку со меѓународен договор ратификуван од Република Македонија не е определено поинаку.

Во однос на ангажирањето лица со договор за дело, авторски договор или друг договор, коишто не се опфатени со Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување, неколкуте измени што ги претрпе легислативата во текот на 2015 година создадоа големи конфузии и недоумици и кај вработените и кај работодавците во однос на

плаќањето на придонесите и даноците за хонорарно ангажираните лица. Ова особено беше видливо во сферата на интернет-медиумите, каде што се забележува голем опфат на хонорарно ангажирани работници. Измените создадоа голем револт кај јавноста и предизвикаа масовни протести.

По укинувањето на овие измени во август 2015, при склучувањето авторски договори и договори за дело останува обврската на правното лице да уплати данок за персонален доход.

### Искуства со применување на законодавството за работните односи кај интернет-медиумите

Работните односи кај интернет-медиумите во голем дел се проблематични. Иако пазарот и бројот на корисниците расте, тоа не се рефлектира соодветно и на самите интернет-медиуми – појавување на поголеми, подобри и попрофесионални редакции, поголеми плати, подобри услови. Напротив, токму во најнадежниот и најперспективен дел од медиумската индустрија во Македонија има најмалку пари, и во самите компании, и во огласувањето.

Според синдикалните и професионалните здруженија, работничките права во интернет-медиумите се на најниско ниво во медиумската индустрија. Во однос на синдикалното организирање во интернет-медиумите, и тука работите одат многу тешко, потешко е споредбено со мејнстрим-медиумите, велат синдикалците. Кај интернет-медиумите влијае и специфичноста на професијата, бидејќи тоа не се класични редакции, и има дел од редакциите каде што луѓето најчесто не одат физички на работа, најчесто се со авторски договори, при што тие се прекарни работници. Немаат никаква сигурност и не можат да се борат за правата на своето работно место, бидејќи добар дел од нив реално и немаат работно место, туку имаат повремени ангажмани, коишто, како што информираат од Синдикатот, знаат да прекинат и со СМС-пораки.

Иако Законот за работни односи овозможува механизми тие да имаат договори за работа од дома, за работа од 2 часа, од 4 часа, за работа за повеќе работодавци, ниту една од овие можности не се користи од страна на работодавците.

Едно истражување на ССНМ за прекарната работа покажува дека ако прекарната работа е 1/3 во медиумите воопшто, во интернет-порталите е 80%. Синдикатот вели дека имал многу жалби од новинари што работат во интернет-портали, но не оделе кај сопствениците да разговараат, бидејќи овие одбивале разговор.

*Случај 1: Хонорарец во портал, а работи исто и повеќе од вработените*

Новинарка во еден онлајн-портал, која инсистирала на анонимност, за истражувањето на ССНМ вели дека таа има исти обврски како вработените новинари, дури има и подолго работно време од некои вработени. Работи секој ден, некогаш и во недела, има две недели одмор, кој работодавецот ѝ го дава по своја добра волја. Цел живот е хонорарец, нема еден ден стаж, нема здравствено осигурување, а на лекар оди приватно. Договорот не е ист со она што се случува во реалноста, зашто времето што пишувало дека го поминува на работа всушност е една третина од она што навистина го поминува на работа. Вработувањето ѝ е целосно несигурно и свесна е дека утре можат да ја избркаат од работа без да има никаков проблем[34].

## 2.3.5. ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА АРХИВСКИОТ МАТЕРИЈАЛ

**Архивскиот материјал** е целокупниот изворен и репродуциран (пишуван, цртан, печатен, фотографиран, филмуван, аудиовизуелизиран, механографиран, електронски, дигитално, оптички или на друг начин забележан) документарен материјал од трајна вредност што е од значење за Републиката, науката, културата, имателите, како и за други потреби;

**Документ/запис** е забележана информација создадена или применa во текот на покренувањето, извршувањето или завршувањето на активност на одреден орган, правно или физичко лице и ги опфаќа во доволна мера содржината, контекстот и структурата, така што без оглед на обликот или носачот на записот, дава доказ за таа активност. Основни карактеристики на документот/записот се автентичност, веродостојност, целовитост и употребливост:

а) автентичен е оној документ за кој може да се докаже дека е тоа што во него се тврди дека е,

34 ССНМ - Прекарна работа во медиумската индустрија, стр.14 http://ssnm.org.mk/wp-content/uploads/2014/11/Prekarna-rabota-vo-mediumskata-industrija-fin.pdf

дека го создал или го испратил оној за кој се тврди дека го создал или го испратил и дека е создаден или испратен во времето во кое се тврди дека е создаден или испратен;

б) веродостоен е оној документ на чија содржина може да ѝ се верува дека потполно и точно ги изразува активностите или фактите што ја сочинуваат таа содржина;

в) целовит е оној документ што е потполн и неизменет и

г) употреблив е оној документ што овозможува да се идентификува, да се лоцира, да се пребара, да се претстави и да се интерпретира.

**Канцеларискоторабoтење** претставува прием, прегледување и распоредување на документ/запис, заведување на документот/записот, доставување на документот/записот во работа, административно - техничко обработување на документот/записот, испраќање на документот/записот, разведување и класифицирање на документот/записот и одлагање на решениот документ/запис во писарницата.

**Архивското работење** претставува одбирање на архивскиот од документарниот материјал, средување на архивскиот и документарниот материјал, евидентирање (попис и опис) на архивскиот материјал, категоризација на архивскиот материјал, попишување на документарниот материјал на кој му изминал рокот за чување, уништување на предложениот документарен материјал, сместување, чување, заштита, обезбедување и користење на архивскиот и документарниот материјал во соодветен простор, стандардна опрема, техничко - технолошки средства и предавање на архивскиот материјал на трајно чување во Државниот архив.

Електронската архива опфаќа чување на електронските документи во изворниот облик во кој се креирани, испратени, примени и архивирани, облик со кој изворната содржината не се менува. Електронските документи се чуваат во изворна форма во информацискиот систем на медиуми што овозможуваат трајност на електронскиот запис во текот на неговиот пропишан рок на траење и се дел од електронската архива. Податоците евидентирани во дигитални бази на податоци и дигиталните слики на документи добиени со дигитализација на конвенционални документи, се чуваат на начин што ги обезбедува од неовластен пристап, бришење, менување или губење на податоците, во согласност со законот и други прописи за управување и заштита на информациските системи (секојдневно правење резервни копии на компакт диск, ДВД, магнетна лента, мобилен цврст диск или на сервер од некој провајдер што дава услуги за чување на база на податоци во согласност со законските прописи).

Имателите на приватен архивски и документарен материјал се должни да водат основна или сопствена евиденција за архивскиот и документарниот материјал, да донесат план на архивски знаци со листа на архивски и документарен материјал, да вршат тековно одбирање на архивскиот од документарниот материјал и да го чуваат трајно архивскиот материјал согласно со овој закон.

По исклучок, имателите на приватен архивски материјал што имаат до 49 вработени се должни да донесат план на архивски знаци со листа на архивски и документарен материјал, доколку имаат архивски материјал, и да го чуваат трајно архивскиот материјал.

## 2.4. САМОРЕГУЛАЦИЈА

Медиумската саморегулација е заложба на професионалците од медиумите доброволно да ги утврдуваат и да ги почитуваат основните професионални и етички стандарди во новинарството, преку кодекси и тела за спроведување на стандардите.

Моделите на механизмите за саморегулација се различни и се разликуваат од држава во држава, во зависност од локалните и историските особености. Најпознати и најраспространети облици се колегијалните органи (медиумски совети, жалбени комисии, судови на честа). Нешто повеќе од половината национални совети во Европа го регулираат однесувањето на сите медиуми, додека другите само печатените медиуми.

### 2.4.1. СОВЕТ НА ЧЕСТА НА ЗНМ

Советот на честа на ЗНМ, кој може да изрече само морални санкции (јавни изјави), и неговиот Кодекс, и двата механизми создадени и усвоени во 2001 година со широка поддршка на медиумската заедница, до неодамна беа единствените саморегулаторни механизми за медиумите во

Македонија. Нивната примарна задача е да ги заштитат и да ги промовираат етичките принципи, критериуми и стандарди на професионалното и одговорно новинарство, како што е пропишано во Етичкиот кодекс на новинарите на Македонија. Сите делови од Кодексот се применливи и на интернет-медиумите и новинарите.

Во Кодексот има членови што се однесуваат конкретно на говорот на омраза и дискриминацијата, а кои се едни од најзачестените прекршувања од страна на медиумите. Имено, во членот 10 на Кодексот на новинарите се вели: „Новинарите нема свесно да создаваат ниту да преработуваат информации што ги загрозуваат човековите права и слободи, нема да користат говор на омраза и нема да поттикнуваат на дискриминација од кој било вид (националност, религиска, полова, општествено класна, јазик, сексуална ориентација, политичка ориентација...)". Исто така, во членот 11 се наведува дека „Новинарот ќе ги почитува општите општествени стандарди на пристојност и ќе ги почитува етничките, културните и религиозните различности во Република Македонија".

Како што поминуваа годините, работата на Советот на честа се подобруваше, а неговиот ограничен успех досега е поврзан со три причини: политичките поделби помеѓу новинарите, мошне ограничените ресурси за работа на случаи со прекршување на етиката и недостигот од партнерство со другите медиумски актери: менаџментот, претставниците на граѓанското општество, експертите во областа на медиумската етика.

### 2.4.2. СОВЕТ ЗА ЕТИКА ВО МЕДИУМИТЕ НА МАКЕДОНИЈА – СЕММ

Новите искуства во медиумската саморегулација ги препорачуваат интегративните „трипартитни" модели на саморегулаторни тела, составени од претставници на најважните играчи во медиумската сфера: сопствениците на медиумите, новинарите и корисниците - јавноста. Со ваквата структура се нагласува дека новинарите и издавачите (сопствениците) имаат одговорност и кон својот еснаф, но и кон корисниците. Имајќи предвид дека саморегулацијата треба да му служи на јавниот интерес, за најдобар се смета моделот на меѓусебна контрола и влијание меѓу партнерите. Ваквиот модел ја надминува потенцијалната нетранспарентност, или дури изолационизам и самодоволност, и значително го зголемува општиот кредибилитет на овие тела. Токму затоа, таков модел се искористи за формирање на Советот за етика на медиумите во Македонија, организација на чиешто формирање му претходеа неколкугодишни подготвителни активности, организирани од МИМ и ЗНМ во периодот 2010 – 2014 година.

Советот за етика во медиумите во Македонија (СЕММ) се формираше во почетокот на 2014 година. Тој е невладина, неполитичка и непрофитна организација што, по принципот на слободна волја, ги здружува своите членови заради остварување на целите и дејностите утврдени со Статутот[35].

Советот својата работа ја заснова врз принципите на јавност и транспарентност и слободно ги промовира своите ставови и мислења, поведува иницијативи и учествува во градење и надградување, заштита и унапредување на професионалните стандарди и на етиката во медиумите во Република Македонија.

Комисијата за жалби при СЕММ, врз основа на Деловникот за нејзината работа[36], разгледува претставки на граѓаните, а доколку утврди дека е прекршен Кодексот на новинарите, изрекува морални санкции. При евентуално прекршување на Кодексот, СЕММ одлучува по претставките на граѓаните и ќе изрекува морална осуда. Медиумите што се членови на СЕММ се обврзани да ги почитуваат и да ги објавуваат одлуките на телото.

*Случај 1: Невладина организација против интернет-медиум за содржина поврзана со сексуалната ориентација*

Една невладина организација за заштита на човековите права покренала претставка пред Комисијата за жалби на СЕММ, во однос на содржина објавена на македонска интернет-страница, која објавила спорни содржини во однос на припадниците на сексуалните малцинства.

35 Статут на СЕММ http://semm.mk/sovet-za-etika/statut

36 Деловник на Комисијата за жалби при СЕММ: http://semm.mk/komisija-za-albi/delovnik

Во својата одлука Советот констатира повреди на членовите 9, 10, 11, 13, и 15 на Кодексот на новинарите и констатира дека претставката на невладината организација е основана.

*Случај 2: ТВ-уредничка против интернет-медиуми за навредлива содржина*

Една ТВ-уредничка во национална приватна телевизија покренала претставка пред Комисијата за жалби на СЕММ, во однос на објави на две македонски интернет-страници, кои објавиле содржини во кои кон уредничката користат навредливи зборови и квалификации. Во својата одлука Советот констатира повреди на членовите 10, 15 и 16 на Кодексот на новинарите и констатира дека претставката на невладината организација е основана.

*Случај 3: Пратеник против интернет-портал за навредлива содржина*

Пратеник од Собранието на РМ покренал претставка пред Комисијата за жалби на СЕММ, во однос на содржина објавена на интернет-страница на албански јазик, која објавила содржини во кои кон пратеникот се користат навредливи зборови и квалификации. Пратеникот барал повлекување на текстот и јавно извинување од порталот. Советот започнал процес на медијација, контактирал со одговорните во интернет-медиумот, кои сметале дека нивниот текст е козерија, која не подлежи на оценки на професионалните и етичките стандарди, но се согласиле со дел од наводите на претставката, и со тоа текстот да биде повлечен, но не сметале дека е потребно за него да се извинуваат. СЕММ понатаму контактирал со пратеникот за да му го соопшти ставот на редакцијата и да го праша за неговите понатамошни намери во врска со постапката, но пратеникот понатаму не контактирал за оваа претставка со СЕММ.

Одлуките и мислењата на Комисијата за жалби при СЕММ се објавуваат јавно на веб-страницата на Советот за етика[37]. Според обемот на досегашната работа, може да се рече дека ова тело почнува да заживува и да ја остварува својата функција, и дека значајни општествени актери (државни функционери, политичари, медиуми и новинари, граѓански организации) почнуваат да го користат овој механизам. Одзивот е, како и кај други вакви тела во првите години, послаб кај индивидуални претставки од граѓаните.

Клучни проблеми со кои се соочува функционирањето на Советот за етика се неприфаќањето на телото од страна на дел од медиумската заедница и медиумите, необјавувањето на одлуките од страна на прекршителите, со што се губи ефектот на морална санкција, како и недоволната информираност на јавноста и граѓаните за постоењето и начинот на функционирање на овој механизам. Потенцијален ризик во иднина е моделот на финансирање на СЕММ, чиешто користење од страна на граѓаните во иднина може да порасне, но тоа треба да се следи со соодветна финансиска поткрепа, технички и кадровски ресурси што би одговориле на потребите на граѓаните и на медиумите.

### 2.4.3. ДРУГИ ОБЛИЦИ НА ПРОФЕСИОНАЛНО ЗДРУЖУВАЊЕ НА ИНТЕРНЕТ-МЕДИУМИТЕ

Во август 2013, како што беше објавено на неколку интернет-страници, десетина македонски интернет-портали се здружија во Асоцијација на интернет-портали на Македонија, заради подобрување на статусот на интернет-новинарите, заштита на нивните авторски и социјални права и подобрување на бизнис-условите во онлајн-сферата. Здружението, како што објавија самите информативни интернет-портали, се основало во пресрет на новиот закон за медиуми за да се вклопи во одредбите што се доволна гаранција за правата и обврските во овој нов медиумски сектор[38].

Интернет-медиумите не станаа дел од законот, а и ова здружение, освен тогашното учество во јавната расправа за медиумските закони, досега нема организирано и спроведено ниту една друга јавна видлива активност.

Слична иницијатива за здружување на интернет-порталите имаше во граѓанскиот сектор преку проект на Фондацијата Метаморфозис, но и таму по првичните активности нема други поместувања во оваа насока.

37 http://semm.mk/komisija-za-albi/odluki-i-mislenja

38 http://www.maxim.mk/formirano-prvoto-zdruzhenie-na-makedonskite-internet-portali

# 3. ПЕРЦЕПЦИИ НА ИНТЕРНЕТ-ПУБЛИКАТА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЛЕГИСЛАТИВАТА И САМОРЕГУЛАЦИЈАТА НА ИНТЕРНЕТ (АНКЕТА)

Како дел од оваа студија, во однос на информираноста и перцепциите на јавноста (публиката) за правната рамка и механизмите на заштита на правата на граѓаните и другите субјекти во сферата на интернетот, во рамките на студијата беше спроведена и онлајн-анкета преку директна електронска комуникација со сопственици, уредници и новинари во интернет-медиуми, активисти од граѓанскиот сектор и објава на социјалните мрежи наменета за општата публика. На анкетата одговорија 135 испитаници.

Иако примерокот не е демографски репрезентативен за општата популација, се работи за анкетирање на еден дел од активната и квалификувана целна публика на интернет, која секојдневно и активно создава содржини и дава свое мислење за содржините пласирани на интернет, па затоа оваа анкета спроведена со квалификуванапубликаможедасесметазавалидна во детектирањето на трендовите и перцепциите на квалификуваната и професионалната јавност по однос на поставените прашања, бидејќи не се работи за лаици, туку за луѓе што секојдневно, а честопати и професионално користат интернет-комуникација.

Прашалникот се фокусира на искуствата и перцепциите на анкетираните во однос на легислативните области што се предмет на анализата (правна рамка, механизми за заштита на правата, судство и практика, казнени одредби, саморегулација).

Наодите од оваа анкета покажуваат неколку тенденции во однос на наодите што ги детектира самата студија истражувајќи ја интернет-сферата и достапните податоци. Видлив е порастот на говорот на омраза и навредливиот дискурс, но и неговото препознавање.

На прашањето дали биле предмет на говор на омраза на интернет, со „Да“ одговориле 38 или 28,1 % од испитаниците, а со „не“ 97, или 71,9% од испитаниците. Во однос на тоа дали биле сведок на говор на омраза сторен преку објава на интернет, потврдно одговориле 105 или 77,8% од испитаниците, а со „не“ 30, или 22,2% од испитаниците. Прашани дали биле предмет на навреда и клевета на интернет, афирмативно одговориле 38, или 28,6%, а негативно 95, или 71,4% од испитаниците. Дека препознале навреда и клевета на интернет-медиуми потврдно одговориле 60,9%, отсто од испитаниците. Овие проценти јасно укажуваат на растечката тенденција и упатуваат на сеприсутноста на дисквалификувачкиот говор во онлајн-сферата.

Анкетираните перципираат проблеми и со почитувањето на авторските права. На 28,8%, според анкетата, им биле нарушени нивните авторски права, а 45,9% од испитаниците биле сведоци на повреда на авторството на интернет. 26,2% од анкетираните биле сведоци за повреда на Законот за заштита на лични податоци преку објава на интернет.

Но воочливи се и неинформираноста и недовербата на анкетираните во институциите и механизмите што се поставени, меѓу другото, и за регулирање на интернет-комуникацијата и содржините. Од сите анкетирани, само 1 лице тужело, 2 биле тужени поради објава на интернет. На прашањето дали знаат каде се пријавуваат законски прекршувања поврзани со објави на интернет или со онлајн-комуникација, со „да“ одговориле 25%, а 75% или три четвртини од испитаниците не знаат на кои органи да им се обратат при нарушување на нивните права на интернет.

Испитаниците ги прашавме за тоа кои закони се однесуваат на интернет-сферата, давајќи им можност да одберат повеќе закони од однапред дадена листа или да допишат други закони. Според одговорите, очигледно најдобра информираност има за Законот за заштита на лични податоци, бидејќи 116 од анкетираните, т.е. 94,3%, сметаат дека овој закон важи на интернет. 71,5% од испитаниците сметаат дека за интернет-комуникацијата важи и Законот за електронските комуникации. Следува Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета (63,4% од испитаниците), Закон за авторското право и сродните права (55,3%), Закон за слободен пристап на информации од јавен карактер (48,8%). Дека Кривичниот законик има

своја апликација и во интернет-комуникацијата сметаат само 40,7% од испитаниците.

Дури 51,2% од испитаниците сметаат дека за интернетот важи и Законот за медиуми, а 36,6% сметаат дека за интернет-медиумите важи и Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, иако според сегашните законски дефиниции тоа не е точно. Од друга страна, индикативно е тоа што само околу 15% од испитаниците сметаат дека Законот за работни односи важи во интернет-сферата. Истото се однесува и на законите што се однесуваат на деловното работење, како Законот за облигационите односи (6,5% од испитаниците), или пак Законот за трговските друштва - само 5,7% од испитаниците сметаат дека тој важи и за интернет-субјектите.

Во однос на користењето на механизмите за саморегулација, кај анкетираните исто така постои непознавање, но и скромно користење на овие механизми. На прашањето дали сте покренале претставка или сте биле предмет на претставка на медиумските саморегулаторни тела, потврдно одговориле само 3,8% од испитаниците.

## 4. ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

Македонија има доволно добра легислатива, која е применлива во интернет-сферата, и нема потреба од дополнителна регулација на интернет-комуникацијата. Иако не е опфатена со Законот за медиуми и АВМУ, за интернет-комуникацијата постои доволна правна рамка, воспоставена со законите што се предмет на анализа на оваа студија, но и со другите правни прописи, кои важат општо за сите граѓани на Македонија. Синдромот на „пререгулираност" треба да се надмине, преку квалитетни и стручни анализи, базирани на аргументи и професионални, а не политички преференции, и со квалитетни јавни дебати преку кои ќе се дојде до решенија што ќе ги олеснуваат, а нема да ги оптоваруваат правните релации меѓу граѓаните во интернет-комуникацијата. Законските решенија не треба да се носат избрзано и да се менуваат често, туку треба да содржат подолготрајни решенија.

Културата на неказнивост мора да престане. Легислативата мора да се спроведува неселективно, правично и пропорционално, кон сите актери во јавната комуникација на интернет. Ова особено важи за спроведувањето на Кривичниот законик и одредбите за говорот на омраза, Законот за клевета и навреда, Законот за спречување и заштита од дискриминација, но и во делот на Законот за работни односи и Законот за авторски права. Малкуте примери на спроведување на законите во оваа насока, сепак, потврдуваат дека правилото постои и дека медиумот и јавната комуникација, без оглед дали е на интернет или не, не смее да се користи за да ги нарушува човековите права и достоинство.

За ова е потребно повеќедимензионално и интерсекторско дејствување на сите засегнати актери – институциите, медиумите, граѓанските организации и сите други заинтересирани субјекти. Потребни се и повеќе финансиски ресурси, и повеќе проекти и активности за унапредување на капацитетите на општеството и медиумите што треба да одговорат на предизвиците на дигиталната ера, што ќе им овозможи на граѓаните информации, податоци и факти што ќе им помогнат да донесуваат информирани избори и заклучоци, но и да ги остваруваат своите права.

Значителни подобрувања се посакувани и можни и во спроведувањето на Законот за пристап до информации од јавен карактер, особено во делот на спроведувањето на законот од страна на имателите на информации, но и во делот на едукација на медиумите и јавноста за начините и процедурите како да се дојде до бараната информација, и како институциите да бидат потранспарентни и поотчетни во своето работење.

Медиумската писменост треба да биде инкорпорирана и во медиумскиот, и во образовниот систем. Медиумите и медиумските организации треба да го преземат својот дел од одговорноста и да ја зајакнат едукативната димензија на медиумите, која е речиси заборавена, а образовните институции да овозможат финансиска и друга поддршка за проектите и активностите од областа на медиумската и дигиталната писменост и да ги вклучат како задолжителен дел од наставата, а не само во екстракурикуларните активности.

Сите социјални партнери во медиумскиот систем, за кои ќе биде оценето дека можат да функционираат и да придонесат во унапредувањето на професионалните и етичките стандарди и угледот на новинарството и на интернет-медиумите во Македонија, треба да се стремат кон стимулирање на саморегулацијата. Институциите треба да ја охрабруваат саморегулацијата, преку соработка со саморегулаторните тела и медиумите што се придржуваат до професионалните и етичките стандарди. Медиумите треба значително да ги подобрат своите содржини, преку инвестиции и подобрувања на условите за нивниот кадар и преку континуирана едукација на медиумските работници.